# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

## од Третото продолжение на Шеесет и деветтата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 25 април 2001 година

Седницата се одржа во Собранието на Република Македонија, сала 1, со почеток во 12,15 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше господин Стојан Андов, претседател на Собранието.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Продолжуваме со работа по 69-та седница на Собранието на Република Македонија.

Пратеникот Вангел Симев ме извести дека од оправдани причини не е во можност да присуствува на седницата.

На седницата се присутни 63 пратеници.

Констатирам дека на седницата присуствува мнозинството пратеници на Собранието и дека Собранието може полноважно да одлучува.

Продолжуваме со петтата точка - Предлог на закон за изменување и дополнување на законот за државни службеници.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот за изменување и дополнување на законот за државни службеници.

Пратениците Кирил Андоновски, Чедомир Краљевски и Замир Дика поднесоа амандмани на член 1 за додавање нов став 2 по ставот 1, за кој Владата не се произнела.

Пред да продолжиме со ова, господинот Чедо Петров процедурално бара збор.

**ЧЕДО ПЕТРОВ:**

Господине претседателе, почитувани колеги пратеници, господа министри, ми причинува задоволство да ве информирам дека од денес па натаму во Собранието на Република Македонија учествува пратеничката група на партијата Нова Демократија преку пратениците: Чедо Петров, Наталија Марковиќ - Димова, која денес е отсутна поради службен пат со парламентарната делегација во Стразбур, Павле Тодоровски и Ристо Спанаќов. Се надевам и ве уверувам дека оваа пратеничка група која со своето конструктивно опозиционо однесување во Парламентот на Република Македонија ќе придонесе за поуспешно и поплодотворно работење на Собранието на Република Македонија.

Сега дозволете ми во писмена форма да го доставам ова до претседателот на Собранието на Република Македонија.

(Му го доставува текстот во писмена форма на претседателот на Собранието). (Краток аплауз).

**СТОЈАН АНДОВ:**

Благодарам, нека ви е со среќа.

(Се обраќа на секретарот на Собранието со зборовите "заведете го ова таму").

Отворам претрес по амандманот на член 1 за додавање нов став 2 по ставот 1, поднесен од пратениците Кирил Андоновски, Чедомир Краљевски и Замир Дика.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за правда г. Џевдет Насуфи.

**ЏЕВДЕТ НАСУФИ:**

Амандманот се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Отворам претрес по амандманот на член 1 за додавање нов став 2 по ставот 1, поднесен од пратениците Кирил Андоновски, Чедомир Краљевски и Замир Дика.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за правда г. Џевдет Насуфи.

**ЏЕВДЕТ НАСУФИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, амандманот го ставам на гласање.

Молам, да гласаме. (По гласањето).

Од 67 присутни пратеници, гласале 60 пратеници, од кои 45 за, 1 воздржан и 14 против.

Констатирам дека Собранието го усвои амандманот на член 1 за додавање на нов став 2 по ставот 1, поднесен од пратениците Кирил Андоновски, Чедомир Краљевски и Замир Дика.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор?

**АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ:**

Господине претседателе, почитувани пратеници, и во расправата во општиот претрес по овој Предлог на закон ние го истакнавме нашиот став кој беше принципиелен. Рековме дека ќе го поддржиме овој закон, доколку се остане на принципите, начелата и основите кои се утврдени од страна на предлагачот, а тоа е Владата на Република Македонија.

Бидејќи во текот на расправата од страна на претставникот на Владата се прифатени голем број амандмани со кои во основа се менуваат причините заради кои се предлагаше, основите и начелата, особено во делот на синдикалното ангажирање на вработените во органите на државната управа, како типичен амандман е тоа што надоместокот во случај на штрајк од 100% се намалува на 60%, бидејќи делот на договарање во услови на штрајк не е усогласен со претставниците на синдикатот на вработените во управата, правосудството, како и голем број други амандмани кои отстапуваат од начелата и основите кои беа прокламирани, го соопштувам ставот на пратеничката група на СДСМ од овие причини, инаку принципиелно основните измени ги поддржуваме, нема да го поддржиме овој закон и ќе гласаме против.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на закон го ставам на гласање.

Ве молам, да гласаме. (По гласањето).

Гласале 58 пратеници, од кои 48 гласале за, 4 воздржано и 6 против.

За да објавам каков е исходот од гласањето, молам службите да го утврдат точниот број на присутни пратеници во салата.

(По пребројувањето од страна на службата).

61 пратеник бил присутен кога се гласало.

(Реагирање на пратеник во салата во врска со бројот).

Сега од страна на службата се изврши пребројување и ако се сомневате, барајте поддршка од 10 пратеници.

Молам пратениците да седнат на своите места.

Ќе извршиме уште едно гласање бидејќи има пратеници што се сомневаат, ама не бараат посебно пребројување.

Молам, да гласаме. (По гласањето).

Вкупно гласале 64 пратеници, од 69 присутни пратеници, 50 пратеници гласале за, 5 воздржано и 9 против.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување и дополнување на Закон за државни службеници.

Преминуваме на 8 точка од дневниот ред - Предлог на закон за девизното работење.

Министерот не е присутен, па ве молам видете каде е министерот.

(Пауза од 12,25 до 13,10 часот додека стаса министерот за финансии и додека се создаде кворум).

Да продолжиме со седницата.

За деловничка интервенција се јави пратеникот Наќе Стојановски, но не е тука.

Исто така, за збор се јави процедурално г. Сејфедин Харуни, но не е тука.

Продолжуваме со работа, имаме 61 пратеник присутен во салата.

Веќе преминавме на осмата точка од дневниот ред - Предлог на закон за девизно работење.

Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени односно поделени.

Отворам општ претрес. Молам, кој бара збор?

За збор се јави министерот за финансии Никола Груевски.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Почитувани пратеници, пред да се оди кон гласање или дискусија, би сакал да дадам воведен збор во врска со законот.

Основна цел на новата законска регулатива во областа на девизното работење ќе биде максимално да се либерализира девизното работење, што ќе создаде простор за поефикасна реализација на деловните активности на претпријатијата и банките во странство, но и ќе го стимулира влезот на странските инвеститори.

Со овој Закон ќе се создаде поконкурентен девизен пазар, утврдување на цената на девизните средства ќе се базира исклучително врз пазарниот соодност на понудата и побарувачката, стопанските субјекти многу послободно ќе располагаат

со сопствените девизни средства. Се предвидува либерализација на капиталните трансакции, компаниите и банките од Република Македонија ќе можат без било какви бирократски процедури да земаат кредити од странски банки или странски компании, што ќе овозможи поголема кредитна конкуренција итн.

Сите овие промени ќе влијаат во насока на стимулирање на стопанските субјекти кон поголем трансфер на девизни приливи во домашните банки, поедноставување на процедурата на склучување на кредитни работи со странство, како и на трансферот на средства кон и од странство, обезбедување на поголема сигурност и транспарентност за странските инвеститори, зголемување на интересот за странските инвеститори за вложување во домашни хартии од вредност и слично. По донесувањето на законот се очекува банките да можат да одобруваат кредити и во странска валута неменети за плаќање на стоки или услуги, или за намирување на други тековни обврски кон странство. Домашните претпријатија ќе можат слободно да отвораат и да држат девизни сметки во домашни банки, а по истекот на првата фаза од спогодбата со Европската унија за стабилизација и асоцијација и во странски банки, каде што ќе можат да чуваат и слободно да располагаат со своите заштеди. Исто така, по истекот на првата фаза од Договорот со Европската унија граѓаните ќе можат слободно да инвестираат во хартии од вредност во странство. Преносот на добивката и преносот на финансиските средства добиени со отуѓување или продажба на сопственички дел од кредитните инвестиции е комплетно слободен за странските инвеститори.

При подготвување на законот се користени искуства на европските земји, извршена е широка консултација со експерти од ММФ, Светската банка и од други меѓународни финансиски институции.

Имајќи предвид дека пред нас имаме еден модерен и европски закон, предлагам да се донесе законот со предложениот текст.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Господинот Сејфедин Харуни повторно се јавува процедурално, затоа што му дадовме збор но не беше присутен.

**СЕЈФЕДИН ХАРУНИ:**

Господине претседателе, имаме сознание дека одредени министри во Владата имаат поднесено оставка, и тоа повеќе од нив, на пример Доста Димовска, Љубен Пауновски и други. Со оглед на тоа што имаме обемен дневен ред, а од членовите на Владата е присутен само министерот за финансии г. Никола Груевски, за што всушност станува збор, дали тоа е вистина или не, сакаме да бидеме известени.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Му благодариме на г. Сејфедин Харуни.

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Сакам да ви кажам дека известувањата одат автоматски, штом ги добивам ве известувам, така што не сме добиле ништо и од тоа нема ништо. Кога ќе имаме веднаш ќе ве известиме. Одиме понатаму.

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на закон.

Законодавно - правната комисија поднесе амандмани на член 2, на членовите 7 став 3 и 8 став 2, член 13 став 3, член 26 за менување на став 1, член 28 став 2, член 51 став 1, член 55 став 1, точките 3, 22, 25 и 45, член 57 став 1, 3 и 4 и на член 58 став 1, 2, 3 и 4.

Пратеникот Борче Сибиновски поднесе амандмани на член 51 став 5 за додавање нов член 51-а по член 51, член 56 за додавање три нови става по ставот 1 и на член 58 став 1, по кои Владата не се произнела.

Пратеникот Делче Ицков поднесе амандман на член 61 по кој Владата не се произнела.

Пратеникот Митко Тилевски поднесе амандман на член 58 став 3 по кој Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандманот на член 2 поднесен од Законодавно -правната комисија.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за финансии г. Никола Груевски.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Овој амандман се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Благодарам.

Отворам претрес по амандманот на член 7 став 3 и членот 8 став 2, поднесен од Законодавно - правната комисија.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Амандманот се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Благодарам.

Отворам претрес по амандманот на член 13 став 3, поднесен од Законодавно - правната комисија.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Амандманот се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Благодарам.

Отворам претрес по амандманот на член 26 за менување на став 1, поднесен од Законодавно - правната комисија.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Амандманот се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Благодарам.

Отворам претрес по амандманот на член 28 став 2 поднесен од Законодавно - правната комисија.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Амандманот се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Благодарам.

Отворам претрес по амандманот на член 51 став 1 поднесен од Законодавно - правната комисија.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Амандманот се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Благодарам.

Отворам претрес по амандманот на член 51 став 5 поднесен од пратеникот Борче Сибиновски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Амандманот се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Благодарам.

Отворам претрес по амандманот за додавање нов член 51-а по членот 51, поднесен од пратеникот Борче Сибиновски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Амандманот се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Благодарам.

Отворам претрес по амандманот на член 55 став 1, точки 3, 22, 25 и 45, поднесен од Законодавно - правната комисија.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Амандманот се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Благодарам.

Отворам претрес по амандманот на член 56 за додавање три нови става по ставот 1, поднесен од пратеникот Борче Сибиновски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Амандманот се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Благодарам.

Отворам претрес по амандманот на член 57 став 1, 3 и 4, поднесен од Законодавно - правната комисија.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Амандманот се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Благодарам.

Отворам претрес по амандманот на член 58 став 1, 2, 3 и 4, поднесен од Законодавно - правната комисија.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Амандманот се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Благодарам.

Отворам претрес по амандманот на член 58 став 1, поднесен од пратеникот Борче Сибиновски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Амандманот се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Благодарам.

Отворам претрес по амандманот на член 58 став 3, поднесен од пратеникот Митко Тилевски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Амандманот се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Благодарам.

Отворам претрес по амандманот на член 61, поднесен од пратеникот Делче Ицков.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Амандманот се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлог на законот.

Молам кој бара збор?

Има збор г-динот Слободан Ќосев. (Не е тука).

Дали некој друг бара збор. (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на законот го ставам на гласање.

Гласале 68 пратеници, за гласале 62 пратеници, воздржано гласале 5, а против гласал 1 пратеник.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за девизно работење.

Минуваме на точката 9 - Предлог на законот за платен промет.

Предлогот на законот, извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени односно поделени.

Отворам општ претрес. Молам кој бара збор?

Има збор г-динот министер за финансии Никола Груевски.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Почитувани пратеници, овој закон и тој што следи по него, јас ќе ги предложам и двата во пакет, иако ќе одат во процедура еден по друг, се дел од една голема реформа во РМ. Реформата на платниот промет, можам да кажам дека според обемот на подготовките и според обемот на работа, што е во претходницата на воведување на оваа реформа ова е можеби најголемата или една од најголемите економски реформи што се направени во Владата од доаѓањето на новата Влада.

Уште минатата година, некаде во јули беше готов акциониот план кога започнаа посериозните подготовки за воведување на новиот платен систем. Акциониот план беше разгледан од повеќе меѓународни институции и беше прифатен како таков и ни беше препорачано да го следиме. Засега сите работи одат во нормален тек и ценам дека постои реална шанса без било какво пролонгирање да влеземе во новиот систем на платен промет.

Новиот систем на платен промет предвидува дека носител на платниот промет во РМ од 1 јули оваа година ќе бидат банките, наместо досега Заводот за платен промет.

Заводот за платен промет е институција, која што со своето значење е уникатна од просторите на поранешна Југославија, институција која во западните држави, неможе да се најде ни препознае и која што е целосно некомпатибилна со трговската унија и со другите западно развиени држави. Значи, сите плаќања меѓу компаниите од први јули ќе се одвиваат преку банките, со тоа што компаниите ќе можат да си отворат свои сметки во банките, повеќе сметки и сите свои плаќања ќе се извршат во банките. Банките со ова ќе добијат поголема прегледност на ликвидноста, затоа што ќе имаат најдиректен и најбрз увид за тоа колку средства има одредена компанија, кога и колку има намера таа да потроши.

Веруваме дека ова ќе има свое влијание на нов дополнителен пад на каматните стапки на банките, а ова го

очекуваме и по разговорите со повеќе директори на банките, кои исто така ценам дека ваквото зголемување на увидот на ликвидноста на компаниите им овозможува подобра манипулација во позитивна смисла на зборот со средствата, со ликвидност им овозможи побрзи, пократки пулсирања на средствата.

Покрај ова, воведувајќи го новиот платен промет, Заводот за платен промет ќе биде трансформиран, не само во нова институција, Клириншка куќа, туку и во други институции, за кои што подоцна ќе кажам. Сите плаќања помеѓу банките ќе бидат регулирани преку, како што спомнав Клириншка куќа итн. РТГС систем, кој што се наоѓа во Народна банка на РМ. Големите плаќања ќе одат преку РТГС системот, помалите ќе одат преку Клириншката куќа, која што ќе се формира како ново правно лице основано од банките и кое што правно лице ќе почне со работа од 1 јули оваа година. Сите документи за отворање на тоа правно лице се собрани, мислам дека сите ќе учествуваат во основањето на оваа фирма. При трансформацијата на земјите и имотот во земјите, исто така ќе бидат определени во нови институции што ќе се креираат од сегашниот Завод за платен промет, а дел од нив во Управата за јавни приходи во Министерството за финансии и други институции.

Како што спомнав, покрај основањето на клиничка куќа, како еден дел од сегашниот Завод за платен промет, кој што ќе биде трансформиран, ќе се оформат и други институции. Како најзначајна меѓу нив, може да ја спомнам Централниот депозитар на хартии од вредност, кој што на некој начин треба да претставува вистинска револуција во развојот на правата на малцинските акционери во компаниите, кои што ќе стави ред во водењето и раководењето со акционерските куќи и кој што е значајна алка за подобрување на берзанското работење на вработените со хартија од вредност и како што спомнав со правата на малцинските акционери, во речиси сите држави во транзиција. Тука подготовките се при крај, централниот депозитар за хартии од вредност ќе почне од 1 јуни, и треба да заврши на 1 декември, кога се очекуваат сите акционерски книги да бидат пренесени во централниот депозитар за хартии од вредност, кој што се води електронски, како со Македонската берза, така со Комисијата за хартии од вредност, а акционерските друштва, исто така би можеле да водат акционерски книги, заради лична евиденција, меѓутоа, вистинските податоци ќе бидат како и во секоја развиена држава во централниот депозитар за хартии од вредност.

Трета институција која произлегува од сегашниот Завод за платен промет е централниот регистар, што доста добро инсталиран, и неколку регистри работат, се работи за работа на други регистри.

За овој проект и за претходниот проект, можам да кажам дека голем придонес даде Норвешката Влада, која што го финансираше и го испрати во писма.

Лично можев да се уверам при посетата на Централниот депозитар и за хартии од вредност и централниот регистер во Норвешка, дека се работи за исклучително современ регистер, а бидејќи имав прилика да разговарам со многу експерти од оваа област и да посетам и други држави, можам да кажам дека се работи за најсофистицираните централни депозитар и централни регистри во светот. Многу важно ми беше дека и во Норвешка немаат така развиен систем за централен депозитар и за централен регистер.

Четврта институција, која што ќе произлезе од целата оваа трансформација на Заводот за платен промет е едно правно лице, кое што ќе работи на формирање на националната платежна картичка, која што е во интерес на сите банки во РМ, кој што треба да влијае на намалување на кеш работењето во земјата и зголемување на работењето преку банки, преку пластични картички, што треба на некој начин да претставува и поголем интерес на граѓаните преку мерки што ќе бидат преземени. Веројатно еден мал дел од Заводот за платен промет ќе продолжи да егзистира уште некое време, тоа е сосема мал дел, кој ќе ги администрира блокираните сметки на компаниите, кои што се блокирани. Тука веројатно ќе биде превземен словенечкиот модел, каде што исто така, неколку години по трансформацијата на Заводот за платен промет, сеуште егзистира еден мал дел кој ги регистрира блокираните сметки. Ова е накратко. Секако дека има и други детали, кои што можат да се видат во Законот и можат да се објаснат уште повеќе. Ова е накратко идејата за формирање на нов платен промет, и на трансформација на Заводот за платен промет кој што треба да изгледа посовремен и многу поевропски, за да не ни биде пречка при влезот при ЕУ.

Основен услов за влегување во ЕУ е компатибилност на правниот и економскиот систем. Ова е дел од изодување на тој пат.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

ЗПК поднесе амандман на член 4 точка 8, член 5 точка 2, член 9 став 1, и на член 10, член 16 став 2, член 21 став 4, членовите 22, 23 , 25 став 1, и на член 28, и на член 24 став 1, точки 1 , 2 и 5

Пратеникот Горанчо Лазов, поднесе амандмани на член 9 став 2, и 3 и за додавање на нов став по ставот 3, член 17, за менуваше на став 3, член 24 став 1 точка 3, за додавање нов член 26, по членот 25 и по член 31, по кои Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандманот на член 4 точка 8 поднесен од ЗПК, со кој амандман повереникот на Владата се согласил.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Амандманот се прифаќа.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Констатирам дека овој амандман е составен дел на текстот на Законот.

Отворам претрес  по амандманот на член 5 точка 2, поднесен од ЗПК.

Со овој амандман повереникот на Владата се согласил.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Овој амандман се прифаќа.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Констатирам дека овој амандман е составен дел на текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 9, став 1, на член 10, поднесен од ЗПК.

Со овој амандман повереникот на Владата се согласил.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Овој амандман се прифаќа.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Констатирам дека овој амандман е составен дел на текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 9 став 2 и 3 и за додавање на нов став по ставот 3, поднесен од пратеникот Горанчо Лазов.

Со овој амандман повереникот на Владата се согласил.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Овој амандман се прифаќа.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Констатирам дека овој амандман е составен дел на текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 16, став 2, поднесен од ЗПК.

Со овој амандман повереникот на Владата се согласил.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Овој амандман се прифаќа.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Констатирам дека овој амандман е составен дел на текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 17, став 2, поднесен од пратеникот Горанчо Лазов.

Со овој амандман повереникот на Владата се согласил.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Овој амандман се прифаќа.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Констатирам дека овој амандман е составен дел на текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 17, за менување на став 3 поднесен од пратеникот Горанчо Лазов.

Со овој амандман повереникот на Владата се согласил.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Овој амандман се прифаќа.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Констатирам дека овој амандман е составен дел на текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот на членовите: 21, став 4, 22, 23, 25 став 1, и 28, поднесен од ЗПК.

Со овој амандман повереникот на Владата се согласил.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Овој амандман се прифаќа.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Констатирам дека овој амандман е составен дел на текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот на членот 24, став 1, точка 1, 2 и 5, поднесени од ЗПК.

Со овој амандман повереникот на Владата се согласил.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Овој амандман се прифаќа.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Констатирам дека овој амандман е составен дел на текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 24, став 1, точка 3, поднесен од пратеникот Горанчо Лазов.

Со овој амандман повереникот на Владата се согласил.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Овој амандман се прифаќа.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Констатирам дека овој амандман е составен дел на текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 26, по член 25, поднесен од пратеникот Горанчо Лазов.

Со овој амандман повереникот на Владата се согласил.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Овој амандман се прифаќа.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Констатирам дека овој амандман е составен дел на текстот на законот.

Отворам претрес по текстот на амандманот на член 31, поднесен од пратеникот Горанчо Лазов.

Со овој амандман повереникот на Владата се согласил.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Овој амандман се прифаќа.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Констатирам дека овој амандман е составен дел на текстот на законот.

Продолжуваме со претрес по текстот на предлогот на законот.

Молам кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот на предлогот на законот и Законот го ставам на гласање.

Колеги пратеници, во меѓувреме некои излегоа. Окулуарно тврдам дека нешто не е во ред со кворумот.

Молам, да се пребројат пратениците.

Ги молам пратениците кои излегоа во моментот на објавувањето на гласањето да се вратат во салата.

Ги повикувам пратениците да гласаат.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Ве молам да гласаме.

Има 68, меѓутоа 64 физички се присутни.

Нека ги пребројат службите сега пратениците за да го констатираме резултатот од гласањето.

Присутни 65 од кои гласале 54, 50 "за", 2 "воздржани" и 2 "против".

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за платен промет.

Продолжуваме со работа.

Десетта точка - Предлог на закон за трансформација на Заводот за платен промет.

Предлогот на законот, извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени, односно поделени.

Отворам општ претрес. Молам, кој бара збор?

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Законодавно - правната комисија поднесе амандман на член 18 став 2.

Пратеникот Горанчо Лазов поднесе амандман на член 15 за додавање два нови става по ставот 1 по кој Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандманот на член 15 за додавање два нови става по ставот 1, поднесени од пратеникот Горанчо Лазов.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Го молам претставникот на Владата по амандманот на Горанчо Лазов.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Ако може да го повторите уште еднаш амандманот имаме мала забуна.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Амандманот се однесува на членот 15 став 1, се додаваат два нови става кои гласат:

Регистерот на државните служби што го води Заводот се пренесува на Агенцијата за државни службеници најдоцна до 30 јуни 2001 година.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Амандманот се прифаќа.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Констатирам дека овој амандман е составен дел на предложениот текст на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 15 за додавање два нови става, пардон.

Отворам претрес по амандманот на член 18 став 2, поднесен од Законодавно - правната комисија.

Повереникот на Владата се согласил.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Се прифаќа.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Констатирам дека овој амандман е составен дел на текстот на предложениот закон.

Отворам претрес по предлогот на законот.

Молам, кој бара збор?

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот на Предлогот на законот и Законот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Од присутни 70 гласале 57 "за", 2 "воздржани" и 1 "против".

Службите нека пребројат.

Констатирам дека во салата се присутни 66 и резултатот од гласањето е исправен и спрема тоа Законот за трансформација на Заводот за платен промет е донесен.

Единаесетта точка - Предлог на закон за податоци во електронски облик и електронски потпис.

Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени односно поделени.

Отворам општ претрес. Молам, кој бара збор?

Повелете господине министер за финансии господин Груевски.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Почитувани пратеници, воведувањето на телекомуникационата и информатичката технологија во сите области на работењето како неминовен процес на општиот технички и технолошки развој, ја наметна и потребата од современ начин и комуникација помеѓу субјектите во платниот и правниот промет, односно комуникации по електронски пат. Со законот за податоци во електронски облик и електронски потпис се воспоставува правен основ за воведување на современ начин на комуникација со употреба на електронска опрема, со која се овозможува примање, примање или чување на пораки и податоци во електронски облик и креирање на свој електронски потпис. Креирањето на платниот промет од Законот за платен промет во деловните банки што претставува целосна реформа во сферата на платниот промет, со употреба на современа информатичка и телекомуникациона технологија е уште една причина повеќе за потребата од електронско работење, кое ќе ја намали употребата на хартиените документи, како и трошоците на работењето. Со законот за податоци во електронски облик и електронски потпис, се утврдува начинот и постапката за примање, испраќање или чување на електронски пораки и податоци, како и постапката за креирање и употреба на електронски потпис, кои ќе се употребува за електронско потпишување во платниот и правниот промет. Законот за податоци во електронски облик и електронски потпис ги утврдува и усвојува условите кои треба да се исполнуваат за стекнување на право, за креирање на валиден електронски потпис каде и кога тој може да се користи и кои субјекти и под кои услови се овластени да даваат сертификат за електронско потпишување, во кој облик и со каква содржина. Заради заштита, сигурно при утврдување на вистинитоста и автентичноста на пораките и податоци во електронски облик и електронски потпис, со законот е утврден начинот и постапката за проверка на истите, како и проверка на средствата, односно опремата која се користела. Законот за податоци во електронски облик и електронски потпис чие донесување се предлага, овозможува доизградување и одржување на сигурен систем на работење во платниот и правниот промет, приближување кон меѓународни стандарди и директиви на Европската унија,

воспоставување на систем на технолошки и неутрални правни правила, со кои се обезбедува валидност на електронското работење и се забранува дискриминацијата на електронскиот облик и потпис, користење на сите постоечки и идни технологии со кои се обезбедува размена на податоците во електронски облик, проверка и контрола на системот на работењето и на средствата, односно опремата кои се користат.

Можам да ви кажам дека со обзир на тоа дека долго време се чекаше овој закон да биде разгледан од страна на Парламентот по втор пат, во меѓувреме се подготвени и речиси сите подзаконски акти, така што веднаш по донесување на законот и негово објавување, сите значајни подзаконски акти без кои законот не може да биде ефикасен и да биде имплементиран, се веќе подготвени и ќе бидат пуштени исто така како и законот во Службен весник. Ви благодарам.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Благодарам господине министер.

Дали уште некој бара збор?

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на предлогот на законот.

Законодавно - правната комисија поднесе амандмани на член 2 за менување на уводната реченица, став 3, став 4, точка а, б, ц и д и на став 18 член 9, член 15, член 27 став 6, член 29 став 2, член 39 за менување на став 2, член 41 став 1 и 5 и за додавање нов став 6 во ставот 5, член 46 став 4 за менување на ставот 6, за додавање нов став 6 по ставот 5 и за менување на новиот став 7, член 48 точка 5, 6, 7, 8, 9, 10, 11, 12, 13, 14 и 15, член 49 точка 1 и 2, член 50, член 51 точка 6, 7, 8, 9, 10, 11, 12, 13, 14, 15 и 16 и на член 50 точка 1 и 2.

Отворам претрес по амандманот на член 2 за менување на уводната реченица, став 3, став 4, точка 1, б, ц и д и на став 18, поднесени од Законодавно - правната комисија.

Повереникот на Владата се согласил со овој амандман.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Се прифаќа.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Констатирам дека овој амандман е составен дел на текстот на предложениот закон.

Отворам претрес по амандманот на член 9 поднесен од Законодавно - правната комисија.

Повереникот на Владата се согласил со овој амандман.

Да го чуеме мислењето и ставот на претставникот на Владата.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Се прифаќа.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Констатирам дека овој амандман е составен дел на текстот на предложениот закон.

Отворам претрес по амандманот на член 15 поднесен од Законодавно - правната комисија.

И на овој амандман повереникот на Владата се согласил.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Се прифаќа.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Констатирам дека амандманот е прифатен.

Отворам претрес по амандманот на член 27 став 6 поднесен од Законодавно - правната комисија.

Повереникот на Владата се согласил со овој амандман.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Се прифаќа.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Констатирам дека и амандман е прифатен.

Отворам претрес по амандманот на член 29 став 2 поднесен од Законодавно - правната комисија.

Повереникот на Владата се согласил.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Се прифаќа.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Констатирам дека и амандман е прифатен.

Отворам претрес по амандманот на член 39 за менување на став 2, поднесен од Законодавно - правната комисија.

И на овој амандман повереникот на Владата се согласил.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Се прифаќа.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Благодарам.

Отворам претрес по амандманот на член 41 став 1, став 5 и за додавање нов став 6 по ставот 5, поднесен од Законодавно - правната комисија.

Повереникот на Владата се согласил со овој амандман.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Се прифаќа.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Благодарам за прифаќањето.

Отворам претрес по амандманот на член 46 став 4 за менување на став 6, за додавање нов став 6 по ставот 5 и за менување на новиот став 7, поднесен од Законодавно - правната комисија.

И на овој амандман повереникот на Владата се согласил.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Се прифаќа.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Благодарам за прифаќањето.

Отворам претрес по амандманот на член 48 точка 5, 6, 7, 8, 9, 10, 11, 12, 13, 14 и 15 поднесен од Законодавно - правната комисија.

И на овој амандман повереникот на Владата се согласил.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Се прифаќа.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Благодарам.

Отворам претрес по амандманот на член 49 точка 1 и 2 поднесен од Законодавно - правната комисија.

И на овој амандман повереникот на Владата се согласил.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Се прифаќа.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Благодарам.

Отворам претрес по амандманот на член 50 поднесен од Законодавно - правната комисија.

И на овој амандман повереникот на Владата се согласил.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

И овој амандман се прифаќа.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Благодарам.

Отворам претрес по амандманот на член 51 точка 5, 7, 8, 9, 10, 11, 12, 13, 14, 15 и 16, поднесен од Законодавно - правната комисија.

Ставот на повереникот на Владата бил за прифаќање.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Овој амандман Владата го прифаќа.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Благодарам.

Отворам претрес по амандманот на член 50 точка 1 и 2 поднесен од Законодавно - правната комисија.

Повереникот на Владата го прифатил.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Се прифаќа.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Благодарам.

Продолжуваме со претрес по текстот на предлогот на Законот.

Молам, кој бара збор?

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот на Предлогот на законот и законот го ставам на гласање.

Молам да гласаме. Молам да гласаме колеги пратеници.

Гласале 62, од кои 60 "за" 1 "воздржан" и 1 "против".

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за податоци во електронски облик и електронски потпис.

12 точка - Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за хартии од вредност, со предлог на закон.

Предлогот за донесување на законот, со предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени односно поделени.

Отворам општ претрес по предлогот за донесување на законот.

Молам, кој бара збор?

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Собранието го усвојува предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за хартии од вредност.

Ве молам да гласаме.

Ве молам колеги ако сте тука, покажува дека има, ги молам службите да ги пребројат пратениците.

Молам за заклучок.

Констатирам дека заклучокот е донесен, односно усвоен.

Колеги, присутни биле 61, гласале само 54.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и предлогот на законот.

Ве молам да гласаме.

Присутни 63, 59 гласале, 57 "за", 2 "против", кворум постои, ве молам, констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и предлогот на законот.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Отворам општ претрес по Предлогот на законот.

Молам кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

ЗПК поднесе амандмани на член 4, во новиот член 46-а став 3, член 8 став 2 за менување на член 11 и на член 23.

Пратеникот Борче Сибиновски поднесе амандмани за додавање на нов член 1-а по членот 1, за додавање нов член 3-а по членот 3, за додавање два нови члена 13-а и 13-б по членот 13, за менување на членот 19, за додавање нов член 19-а по членот 19, за додавање нов член 19-б по членот 19 и за додавање нов член 19-в по членот 19, по кои Владата не се произнела.

Пратеникот Борче Сибиновски поднесе амандман на член 8 за менување алинеја 2, член 9 за менување на уводната реченица и за додавање нови два става 3 и 4, член 13 за менување на уводната реченица и за додавање нови ставови 3 и 4, член 14 за менување на уводната реченица и за додавање два нови членови 3 и 4 и на член 21, по кои Владата не се произнела.

Пратениците Александар Гештаковски и Илија Илоски, поднесоа амандман на член 21 по кои Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандманот за додавање нов член 1-а во членот 1 поднесен од пратеникот Борче Сибиновски.

Молам претставникот на Владата да се произнесе.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Владата го прифаќа амандманот.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот за додавање нов член 3-а по членот 3 поднесен од пратеникот Борче Сибиновски.

Молам претставникот на Владата да се произнесе.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Владата го прифаќа амандманот.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот на член 4 во новиот член 46-а став 3 поднесен од ЗПК.

Повереникот на Владата се согласил.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Амандманот се прифаќа.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот на член 8 став 2 поднесен од ЗПК.

Повереникот на Владата се согласил.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Амандманот се прифаќа.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот на член 8 став 3 за менување на алинеја 2 поднесени од пратеникот Борче Сибиновски.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Амандманот се прифаќа.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот на член 9 за менување на уводната реченица и за додавање два нови става 3 и 4 поднесени од пратеникот Борче Сибиновски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Амандманот се прифаќа.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот за менување на член 11 поднесен од ЗПК.

Повереникот на Владата се согласил.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Амандманот се прифаќа.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот на член 13 за менување на уводната реченица, за додавање два нови става 3 и 4 поднесени од пратеникот Борче Сибиновски.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Амандманот се прифаќа.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот за додавање два нови члена 13-а и 13-б по членот 13 поднесени од пратеникот Борче Сибиновски.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Амандманот се прифаќа.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот на член 14 за менување на уводната реченица и за додавање два нови става 3 и 4, поднесени од пратеникот Борче Сибиновски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Амандманот се прифаќа.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот за менување на член 19 поднесен од пратеникот Борче Сибиновски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Амандманот се прифаќа.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот за додавање нов член 19-а по членот 19, поднесен од пратеникот Борче Сибиновски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Амандманот се прифаќа.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот за додавање на член 19-б по членот 19, поднесен од пратеникот Борче Сибиновски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Амандманот се прифаќа.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот за додавање нов член 19-в по членот 19, поднесен од пратеникот Борче Сибиновски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Амандманот се прифаќа.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот на член 21, поднесен од пратеникот Борче Сибиновски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Амандманот се прифаќа.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот на член 21 поднесен од пратениците Александар Гештаковски и Илија Илоски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Овој амандман го немаме. Ако може да ни го прочитате.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Амандманот вели: Во членот 21 зборовите "најдоцна до 15.04.2001 година" се заменуваат со зборовите: "во рок од 6 месеци од денот на влегување во сила на овој закон". Тоа затоа што, нормално е датумот што е напишан е поминат.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Ние пред малку усвоивме амандман со кој прифаќаме пролонгирање на периодот за имплементација на новите законски одредби од самата берза и цениме дека нема потреба овој амандман да се прифати, бидејќи ова е малку поголемо пролонгирање, цениме дека треба работите да се забрзаат, да одат со побрза динамика и ефектите од тие работи да дојдат побрзо.

Оценка е дека 45 дена е сосема доволен период за прилагодување, особено заради тоа што ова што сега го прифаќа Парламентот, со писмо беше најавено во берзата уште во месец јануари, подоцна уште на неколку пати имавме дискусии, што писмени што усмени, така што сметајќи го тој период и сметајќи го периодот од 45 дена од денот кога ќе излезе во Службен весник, а тоа пак се некој 5 до 10 дена, цениме дека периодот е сосема доволен за едно мирно прилагодување на берзата кон новите законски прописи.

Оттука амандманот не би можеле да го прифатиме.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Господине Груевски, го следите текстот. Овде јасно вели најдоцна до 15 ако остане а да не се прифати, ќе остане тој рок 15 април?

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Не. Ние прифативме, јас кажав во моето излагање, прифативме друг амандман кој место ова вели - 45 дена од денот кога ќе излезе во Службен весник. Се брише тој датум и се вели, во член 21 наместо зборовите 'најдоцна до 15.04.2001 година" се заменуваат со зборовите во рок од 45 дена од денот на влегување во сила на овој закон. Тоа е тоа.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Има збор господинот Александар Гештаковски.

**АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ:**

Подобро ќе бише министерот да го завршеше темпото на прифаќање на амандманите, како што се прифатија од позицијата така и да се прифатеја од опозицијата, бидејќи овој амандман е во функција на надоградување на реформите кои се предлагаа со овој закон на Македонската берза, многу важен институт.

За што се работи? Ние го менуваме рокот за прилагодување. Поточно да кажам рокот за приватизирање на Македонската берза. Македонската берза од непрофитна организација и врз основа на непрофитна основа, со овој закон станува профитна организација, што значи треба да се изврши приватизација. Инаку и во основното решение на кое вие се повикувате, 15.04 и рокот кој Владата го измени ако е составен дел, 45 дена, создава одреден сомнеж дека со приватизацијата се брза и како што реков се создава сомнеж и кај граѓанството и кај стручните луѓе дека оваа Влада и врз основа на политичките настани, сакаа во склоп на целокупните приватизации да ја приватизира, што е во ред, ние го поддржуваме тоа; набрзина и Македонската берза. Затоа ние предлагаме, точно е дека овој закон се подготвува, се вршат подготовки на македонската берза, ние предлагаме амандман во рок од 6 месеци. Берзата може до 30 дена може и до 40. Рокот 45 дена имплицира на она што јас го истакнав, имплицира на брзо приватизирање, на партиско приватизирање од страна на оваа Влада и на оваа коалиција на Македонската берза. Затоа сметам дека министерот треба да го прифати овој амандман. Не ограничува. Може и во рок од месец дена. Но, изрични рокови 45 дена, ние сметаме во рок од 6 месеци е најоптимално решение за прилагодување на берзата на македонските и другите услови на берзанско работење. Затоа аргументите од страна на министерот не држат и сметам дека ќе остане, тоа што јас го истакнувам и овие сомнежи оваа Влада, иако можеби има најчесни намери. Но еден закон да се спроведе, не може да се спроведе за 5, колку да е подготвуван. Треба да има еден подолг рок. За сите закони ние даваме 3 месеци или 6 месеци. За македонската берза ние сметаме дека оптимален рок е 6 месеци. Може и за месец дена и затоа јас ќе повторам овој амандман е подобар амандман од амандманот кој стриктно вели 45 дена. Со тоа само се притиска да се применат решенијата набрзина без оглед дали е тоа доволно стручно направено и добро имплементирање на овие решенија. Затоа барам пратениците да го поддржат овој амандман.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Господине Гештаковски, не правам коментар на друго. Чисто стручно. Министерот прифати еден амандман со кој текстот - 15 април се заменува. Сега вие имате амандман на текст на закон кој не постои и доаѓаме во една ситуација...

**АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ:**

Господине потпретседателе, ние фактични бараме 45 дена. Членот 21 на кој Владата даде амандмани е составен дел, бидејќи е предлагач. Сега ние кога го поднесовме овој амандман читавме 15.04. Сега читаме во рок од 45 дена. Доколку овој амандман го прифати Парламентот или министерот, членот 21 ќе гласи - во рок од 6 месеци од влегување во сила и се е во ред од законодавно -правен аспект. Ние кога го поднесувавме амандманот беше тој, сега текстот е тој и ќе го надоградиме, зависно дали ќе се прифати или не.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Има збор г. за финансии Никола Груевски.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Тоа што цениме дали е краток или долг рокот, тоа се различни мислења. Јас директно сум ја работел оваа работа, и ценам дека рокот е доволен.

Меѓутоа има една друга забуна. Македонската берза нема да се приватизира, бидејќи од самиот старт е приватна. Значи Македонската берза кога се основа, е основана од 18 банки, штедилници и осигурителни друштва што сите, од прв до последен се приватни институции. Државата нема апсолутно никаков капитал. Значи не може државата или било кој да приватизира нешто.

Во делот во кој се оди и кој можеби создава забуна е дека берзата од непрофитна оди во профитна. Тоа е нов

тренд во Европа, се прифаќа од повеќе држави сега и цениме дека ќе биде добар затоа што ќе ја натера берзата повеќе да се бори за клиентите односно повеќе да се бори да привлече компании кои ќе дојдат на котација на берзата. Ќе има повеќе мотив и обврска затоа што меѓу другото ќе треба да се бори и за својот профит кој што од друга страна, заради тоа што берзата е само една во Македонија, целото нејзино работење, како и во секоја држава е под контрола и под мониторинг на Комисијата за хартии од вредност и работи според Законот за хартии од вредност. Тоа сакав да го дообјаснам. Мое мислење е дека нема никаква потреба од пролонгирање дека работите може да се забрзаат во овој рок и за повеќето закони јас имам став дека треба да се стават пократки рокови за побрзо да се завршат работите и побрзо да се очекуваат ефектите.

**АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ:**

Никаква забуна. И јас зборував, од непрофитна во профитна. Како сака да зборува министерот, таа е трансформација од непрофитна во профитна и фактички треба да се прилагоди и да се измени. Дали ќе ја наречеме приватизација или неприватизација, треба да се прилагоди врз основа на решенијата од овој закон кој водат до профит. И јас тоа го истакнав и нема никакво недоразбирање. Мене целосно ми е јасно што значи трансформирањето на Македонската берза. Пак апелирам, министерот, иако тврди, може би точно е, но одредени сознанија кои ни укажуваа на стручњаци, исто така како министерот кои се на негово ниво помало или поголемо кажуваат дека рокот и анализите во нашата пратеничка група, пред се за да се елиминира оној фактор за кој зборував, во однос на брзото трансформирање од непрофитна во профитна, треба најмалку барем 6 месеци доволно време за да се видат сите решенија што се нудат.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Ги молам пратениците да влезат во салата.

Амандманот на пратеникот Александар Гештаковски и на Илија Илоски го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Гласале 64 пратеници. 16 пратеници гласале за, 8 пратеници гласале воздржано, 40 пратеници гласале против.

Констатирам дека Собранието не го прифати овој амандман.

Отворам претрес по амандманот на член 23 поднесен од Законодавно - правната комисија.

Со овој амандман повереникот на Владата се согласил.

Го молам ставот на Владата.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Владата го прифаќа овој амандман.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Благодарам.

Отворам претрес по текстот на предлог на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот на Предлогот на законот и истиот го ставам на гласање.

Молам да гласаме.

Гласале 67 пратеници, "за" 58, 7 воздржани и 2-ца пратеници против.

Констатирам дека Собранието го донесе законот за изменување и дополнување на Законот за хартии од вредност.

Минуваме на точка 13 - Предлог за донесување на закон за задолжување на Република Македонија со кредит кај Меѓународната комерцијална банка на Република Кина по договорот за кредит за реализација на инфраструктурните проекти, со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на законот, со Предлог на законот и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени, односно поделени.

Отворам општ претрес по Предлогот за донесување на закон.

Молам кој бара збор?

За збор се јави господинот министер за финансии Никола Груевски.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Почитувани пратеници, меѓународната комерцијална банка на Република Кина и одобри на Македонија кредит во износ од 20 милиони долари. Средствата од овој кредит ќе се користат за реализација на инфраструктурни проекти, вклучувајќи главно проекти на Електростопанство на Македонија, но и инфраструктура до и околу слободната економска зона во Скопје. Кредитот е концесионален со рок на отплата од 20 години, вклучувајќи грејс период од седум години и со годишна каматна стапка од 3%.

Цениме дека овој кредит ќе биде поволен и ова е ретка можност на Република Македонија да има ваков тип на кредити и дека средствата ќе бидат употребени за проектот "Козјак" за негово поврзување дистрибутивно, така што цениме дека Собранието би требало да го прифати. Благодарам.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? Ванчо Чифлиганец.

**ВАНЧО ЧИФЛИГАНЕЦ:**

Почитувани колеги пратеници, почитуван министер, почитуван потпретседателе на Собранието на Република Македонија. Колегата Сибиновски вели, дали да излезе. Јас те поучувам да останеш и нешто да научиш за овој мандат додека си пратеник. Мислам дека треба нешто да научиш, инаку мандатот ќе ти помине и ништо не си научил. Зашто постојано дофрлуваш, а потпретседателот не те опоменува, а од мене можеш да учиш.

Прво, сакам со целосен респект спрема Предлог законот за донесување на денешната седница за нови дополнителни задолжувања на Република Македонија, без разлика во која сфера ќе се употреби, затоа што има една светла точка што Законот кој треба да го донесеме за задолжување се работи за мошне поволна камата, што може да се каже најниска од 3% од грејс период од седум години и уште 13 или 20 години отплата. Тоа е една од посветлите точки што може денеска да го донесеме законот.

Како пратеник имам една забелешка во Собранието на Република Македонија, барем до мене не е дојдено, кога се донесува закон за нови задолжувања на Република Македонија, треба по којзнае уште кој пат бараме и да се потсетиме во која мера Република Македонија е кредитно солвентна, бидејќи дали од денес кога ќе го донесеме законот, бидејќи кредитот е одобрен, дали должиме 1.400.000.000 долари, дали 1.420.000.000 или 1.500.000.000 и со овој 1.520.000.000. Затоа по кој знае кој пат се залагам од оваа говорница дека ние мораме да кажеме до кој степен, во која мера е задолжена Република Македонија и кои се нашите визии за развојни планови како ќе ги враќаме кредитите. Па макар да ни даваат кредити и без камата, мислам дека ако сме презадолжени од над 1.300.000.000 или 400.000.000 милиони долари, а јас можам да кажам дека сме 1.500.000.000 милиони долари, незнам дали некој кредит може Република Македонија да го врати, а без разлика во кој состав на Влада на Република Македонија се донесува. Или пак, сакаме овие кредити да се вратат после 10, 15 или 20 години, ние нема да бидеме на одговорни функции, но на некој начин одговорноста на генерациите што доаѓаат ја носиме. Затоа, уште еднаш апелирам, господине министер, ние мораме да имаме јасна визија, еднаш вие како министер за финансии да истапите пред овој Парламент и да кажете, Република Македонија во тоа и тоа време 1970/75, 1980/85, 1985/90, 1990 до 2000 година е задолжена толку и толку. Можностите на Република Македонија во наредниот период четиригодишен, петогодишен, десетогодишен, дваесетогодишен период може да се врати од оваа структура на наменско извозно производство. Тоа, граѓаните на Република Македонија го бараат, а и јас сакам од било кој министер, од било која Влада, од било кои партии што ја сочинуваат тоа да го слушнам, па генерациите кои доаѓаат по нас да не не осудуваат што сме работеле во овие парламентарни клупи и во различни ресорни министерства. И, сакам да знам кој ја задолжувал оваа Република од 1.500.000.000 долари, да не бидат исти луѓе кои ја задолжувале и исти луѓе сега пак не задолжуваат или ја продаваат во капиталот за дисконт од 70, 80 и 95%. Зошто го велам тоа? Вие замислете, еден ФЕНИ е граден со 400.000.000 долари, а го продаваме за 2.000.000 милиона долари. Зарем за тоа не бараме кривична одговорност, не бараме материјална одговорност, но една морална одговорност ако некој можел да постапи да ја задолжи Република Македонија со 400 милиони долари, со современа опрема со која е изграден тој објект, кој го потврдуваат и странците, а денес го продаваме за 2 милиони долари, се прашувам дали е тоа реформски чекор. Тоа не значи дека ние ги исправаме грешките, ако ние имаме современа опрема од 100 милиони или 200 милиони долари, значи ние во секој момент истата опрема можеме да ја продадеме од оние мобилни објекти, нестатичните објекти за големи пари и да направиме не еден ФЕНИ, туку два, три или четири. Тоа е работа за која се мисли и за "Југохром" и за другите стратешки објекти кои се продадоа и што ќе се продаваат во Република Македонија. Тоа јас енергично го одбивам дека тоа не е реформски чекор, туку тоа е чекор што капиталот кој е инвестиран во Република Македонија багателно го даваме, со некоја надеж дека некој ќе го оплоди, ќе го активира, но брзо време ќе покаже дека тоа се илузии. Да не

надоврзувам сега за големите потрошувачи на електрична енергија итн., тоа не е на дневен ред.

Второто прашање што сакам да го покренам, господине министер, со целосен респект ни еднаш за овие две и пол години кога Владата ја обавува својата функција, успешно, неуспешно, сега несакам да зборувам за успехот на Владата, ниеднаш Парламентот, јавноста не добила една писмена информација како се користат овие кредити. Не е само да се даде списокот, Агенцијата за развој, министерство или банката, треба да се каже со име и презиме тој и тој, со намена таа и таа, дали тој капитал од 20 милиони долари што е претходно поделен за развој на мали и средни претпријатија во Република Македонија е оплоден. Дали од 10.000 вработени или од 5.000, дали денеска во истите претпријатија компании кои добиле, имаме поголемо вработување. Дали дефицитот, негативниот трговски дефицит што го остварува Република Македонија со овој кредит и со насочување на оние средства дали е намален во Република Македонија. Ако ние ја имаме таа информација, веројатно, вие имате свои сознанија дали се тие доволни и кога ние овде во Парламентот би расправале, сигурно средствата многу подобро ќе се наменат. Јас во оваа смисла сум скептик дека немаме анализа, вложениот капитал, добиените грантови, анализа, поволните кредити дека на дел на вистински субјекти се дава. Јас не велам за сите. Има голем број на субјекти кои ги користат овие кредити каде го оплодуваат капиталот, каде што вработуваат нови луѓе, каде што создаваат нова вредност. Но има еден мал број паразити што само тоа го користат за лични сопствени потреби и без некои хипотеки што утре ќе се враќа кредитот, што на некој начин тоа се кажува.

Трето, мислам дека ние треба да направиме и програма за ова. Јас не ја знам програмата каде ќе се користи, во кои инфраструктурни проекти. Можеби тоа е моја слабост, можеби не сум во механизмите во полугите на власта и друг однос имате спрема опозицијата, спрема добронамерните пратеници од опозицијата. Јас сакам пред овој народ на Република Македонија, без разлика на партиската припадност да го дадам својот глас во кој инфраструктурни проекти сега вие вложувате и во што. И, сега јас треба да гласам и најверојатно ќе го поддржам од почит, од респект, од култура, еве, да помогнеме, а да не знаеме во кој проект ќе се вложат тие 20 милиони долари. 20 милиони долари во оваа несташица, во оваа сиромаштија, не се малку. Затоа, мислам дека редно е, покрај информацијата и извештајот во овие две и пол години каде се насочуваат, колкав е влогот и денеска да имавме една информација каде, во кои инфраструктурни, во кои општини итн. Јас сакам да дадам придонес во општината во која што припаѓам. Има села каде што нема електрична енергија доволно. Има села од турската националност каде што нема асфалтен пат, а тоа е селото Бучим. Ова лето Радовиш општината и Конче ќе немаат вода за пиење. Дали, сега, по наши симпатии по блискоста функционери, министри итн., или пак ќе се даде на општината Виница да се потрошат овие средства. Кажувам пример, затоа што директорот на Агенцијата за развој е од општината Виница. Немам ништо против Виница, Виница ми е симпатична, но сакам да кажам дека ние не смееме паушално да ги делиме овие средства, па и за амандманот ќе кажам подоцна. Затоа, господине министер, ако не можете во писмена форма, ако немате информација, а веројатно имате, барем усмено да кажете, па и ние да се произнесеме во кои инфраструктурни објекти и за развој на мали и средни претпријатија, па сакаме да знаеме. Ако нешто е суфицитарно во Македонија не треба, нешто што е дефицитарно. Зошто еднаш не кажете дека ние овие 20 милиони долари ќе ги дадеме за до година да се намали трговскиот дефицит за толку и толку милиони долари. Тоа е многу битно. Тоа е за мене визијата, тоа за мене е реформскиот чекор и она што викаме работиме за доброто на Македонија. Во спротивно, аргументите кажуваат дека не е така.

Четврто прашање, господо и јас бев еден од оние што бев еден случаен патник, еве, се одлепив од мојата партија, од опозицијата СДСМ и отидов не како пратеник, како директор на една средно или поголема компанија во Тајван. Јас верувам дека илјадници отидоа по линија на добра соработка, еве и овде се вели, Тајван - Република Македонија. И, бевме фрапирани, вчудоневидени како едно чудо на тоа место меѓу две големи сили Кина и Америка, добро работи. Бевме топло пречекани и во секоја канцеларија, во секоја комора, во секоја институција добивавме по еден часовник подарок, кои ги чуваме во нашите домови. И јас тоа го добив. Ајде да се прашаме, кога доаѓавме од таму велевме дека тутунот ќе го продадеме, тоа ќе продадеме, она ќе продадеме. Зошто? Господине министер,

сега кога сме реформски настроени, се обраќам спрема вас, да е тука министерот за земјоделство, зошто не рековме овие 20 милиони долари наместо дополнително да се задолжуваме, имаме 20 и повеќе милиони долари ќе ги дадеме во стоковите резерви на залиха во Македонија - тутунот, бидејќи тие увезуваат тутун. Имаме добра политичка соработка, имаме добра економска соработка и нивната наклонетост према Република Македонија е видна, затоа што тоа што го направивме секој не го правеше. Тогаш, ќе кажеме дека нешто правиме, еве, иако е тоа клиринч, што се вика на некој начин, но тоа е комерцијална зделка, даваме тутун, наместо да ни е за залиха, за кредит. Зошто дозволуваме денеска, тутунопроизводителите кои еден килограм тутун го продаваат за три марки, а трошоците минимум 4 до 5 марки, денеска да штрајкуваат на патиштата, а ние да немаме време да ги удостоиме, да најдеме 900 илјади марки да ги исплатиме на патот Охрид - Прилеп, односно Прилеп - Битола. Или, производителите на млеко денес тие за сопствениот производ да го вреднуваат, да го наплатат, а ние денеска земаме кредит од 20 милиони марки, не долари, не правиме вистински приоритет. Јас не велам дека на нас инфраструктурните проекти во електроенергетиката сме нај, нај, не сме. Но, имаме приоритети што граѓаните за нас плачат за сопствениот производ. Замислете килограм тутун го продал за три марки, а денеска ја бара марката неисплатена, а ние овдека седиме во клупите. Ве молам, по ова прашање по којзнае кој пат не сте ми одговориле.

Затоа, барам една поголема одговорност, агилност и на крајот на краиштата како пратеници, како Влада, како ресори, да имаме срце и душа спрема граѓаните, кои не образувале во оваа Република Македонија кои сме станале економисти, инжењери, универзитетски професори. А, ние за народот од ова место не мислиме. Денеска ни штрајкуваат, а ние одлучуваме за кредит од 20 милиони долари кој е одобрен пред четири години, а денеска треба да го користиме. Кој ни го дава тоа право, господо, тоа ли е економија. Четири месеци, вие знаете ние какви камати спрема странство плаќаме стопанските субјекти. Тоа е над 10%, ако не е така сносам било каква одговорност од ова место. А, луѓето на нас неодобрени кредити, па нели сте можеле да кажете наместо да биде 44 милиони марки, нека биде 43 и 100 илјади марки, 900 пуштете ги на тие напатени земјоделци, тутунопроизводители или млекари. Извинете, потпретседателе, ако не сум во право, пратеничката функција ја оставам овде и си одам од оваа говорница. Имам се во животот, но сум го почувствувал трудот на земјоделецот, на млекарот, на работникот и треба овде да се залагаме за тоа. Затоа барам, ќе го поддржам овој закон, но да го најдете граѓанинот, земјоделецот, млекарот, тутунопроизводителот. Без ова, јас еве од ова место кажувам, не го поддржувам законот, затоа што и самиот амандман зборува. Господине потпретседателе, дали можам да зборувам по амандманот, дали е тоа по Деловникот?

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

После ќе зборуваме за тоа.

**ВАНЧО ЧИФЛИГАНЕЦ:**

Добро. Затоа што и сега нудиме да не биде Народна банка да го верифицира кредитот, туку да биде Агенцијата, додека сум пратеник една година, да си валоризирам на н-та степен, на што тоа личи? Кажете кој тутунопроизводител, кој произведува 20 години над 1.500 кг тутун добил 10 илјади марки кредит. Хипотека, куќата да ја остави. Замислете го тоа. Замислете, ако ние сме добиле 100-тина или 200 милиони марки или долари грантови да ги насочевме во ново производство, да оставеа хипотека, куќи, земјиште итн., ова е суштинско прашање, егзистенционално прашање за сите партии. Не велам сега дека е крив дотичниот министер. Мислам дека треба да работиме. Ако пред 20 години мојот покоен татко со 30 декари земја образуваше пет деца, направи свадба, куќи, плацеви, кажете кој земјоделец сега може со 30 декара да опстане во живот. Тоа е системско прашање, прашање на власта, на институциите и тоа не треба да го заборавиме или дојдовме овде да газиме асфалт, коцки, добри кафани, ресторани, хотели, патуваме секој ден по општини, по свет, седиме овде со клима уреди, ги заборавивме граѓаните. И, на крајот, во последен момент ќе ги изманипулираме.

Тие четири прашања господине министер, сакам да полемизирам со вас и да ми дадете комплетен одговор. Благодарам.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Му благодарам на господинот Чифлиганец.

Збор има господинот министер за финансии Никола Груевски.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Пратеникот постави повеќе прашања, не верувам дека ќе успеам на

сите да одговорам, меѓутоа ќе одговорам на некои од нив. Она што најмногу беше потенцирано и она што најмногу го бараше пратеникот беше информација за надворешната задолженост на Република Македонија и, ако добро разбрав, точно за што ќе се користат овие средства. Пак, така, еве можам да споменам дека средствата од заемот ќе се користат за изградба на енергетски инфраструктурни проекти во Република Македонија, пред се, за изградба на инфраструктурата до и околу слободната економска зона Скопје и подобрување со снабдување на електрична енергија на градот Скопје. За трафостаницата 400"кон 110 киловати, 20 милиони ДМ, тоа е за Скопје V трафостаница.

Понатаму, двоен далекувод Скопје IV, Скопје I 3,5 милиони ДМ, трафостаница "Бунарџик" 7 милиони ДМ и трафостаница Воена болница 10 милиони ДМ, вкупно 40,5 милиони ДМ.

Значи, се работи за трансфер на електрична енергија од хидросистемот "Козјак" кој е во завршна фаза трансфер до потрошувачките центри.

Околу барањето за информација за надворешна задолженост на Република Македонија би можел да кажам дека вкупниот надворешен долг на земјата го сочинуваат обврски на домашните приватни правни и на државата кон странските мултилатерални, билатерални и приватни кредитори по користење на краткорочни, среднорочни и долгорочни заеми и кредити.

Состојбата на 31.12.2000 година. Надворешниот долг на Република Македонија јавен и приватен, врз основа на долгорочно и среднорочно задолжување со состојба на 31.12.2000 година изнесува 1.436,4 милиони долари. Со 28 февруари овој долг е намален на 1.425,46 милиони долари.

Долгот кон мултилатералните кредитори е најголем и изнесува 715,2 милиони долари, кон билатералните кредитори долгот изнесува 316,3 милиони долари, кон Лондонскиот клуб на кредитори долгот изнесува 252,7 милиони долари и 149,7 милиони долари е долг кон останатите приватни кредитори. Во однос на мултилатералните кредитори во 2000 година долгот е намален за 4,8 милиони долари споредено со состојба на крајот на 1999 година, а кај билатералните кредитори остварено е намалување на долгот од 0,8 милиони долари.

Во состојбата на доход вклучени се обврски по главнина од 1.414,31 милион долари и 19,47 милиони долари достастана неплатена камата и 2,59 милиони долари оценета задоцнета камата. Достасаните неплатени обврски се капитализираат заедно со обврските за главнина и го сочинуваат долгот на државата.

Околу структурата на долгот. Од вкупниот износ на надворешен долг 1.436,38 милиони долари со 31.12.2000 година и достасана камата, јавниот долг изнесува 1.314,91 милиони долари или 91,54%. Во теоријата и практиката на анализата на долгот, показателот за учество на јавниот долг го означува задолжувањето на државата кон странство, било да се работи за директен долг на државата или за долг на јавните претпријатија.

Од вкупниот износ на јавниот долг на Република Македонија по основ на среднорочно и долгорочно задолжување, обврските на Владата на Република Македонија изнесуваат 1.065,61 милион долари, обврски на јавни претпријатија изнесуваат 167,73 милиони долари, а 81,57 милиони долари се обврски на Народна банка на Република Македонија.

Приватниот долг од вкупниот надворешен долг изнесува 121,47 милиони долари или 8,46%. Приватниот долг го сочинуваат трговските друштва од Република Македонија во износ од 77,38 милиони долари и долгот на овластените банки во износ од 44,09 милиони долари.

Стапката на задолженост изразена преку учеството на надворешниот долг во бруто домашниот производ за 2000 година достигна ниво од 44,9%. Оваа стапка е за 1,5% повисока во споредба со 1999 година, а за 3,4% повисока со онаа од 1998 година.

Единствената причина за прикажаното зголемување, повторувам, единствената причина за прикажаното зголемување на степенот на задолженост е намалувањето на доларската вредност на бруто домашниот производ, како резултат на високата апрецијација на доларот во однос на денарот, за 16% во споредба со 1999 година и за 21% во споредба со 1998 година. Имено, изразено а по тековен курс, бруто домашниот производ на Република Македонија за 2000 година 3.290 милиони долари, додека по константен курс од 1998 година, бруто домашниот производ во 2000 година достигнува 3.978 милиони долари.

Според тоа, доколку бруто домашниот производ за 2000 година се изрази по вредноста на денарот во однос на доларот за 1998 година стапката на задолженост во 20 00 година изнесува

37,2%, што е реално, имајќи го во предвид номиналниот и реалниот пораст на бруто домашниот производ во 2000 година при речиси непроменето ниво на надворешниот долг.

Околу надворешниот долг, околу структурата. Надворешниот долг по кредитори. Официјални кредитори вкупно имаме 1 милијарда 031 милион долари од кои мултилатерални кредитори 715 милиони, кон ММФ 81, 570 милиони, кон ИБРД 122 милиони 843,158 кон ИФЦ 57.130 илјади, кон ИДА 249.932 илјади, кон Европската инвестициона банка 67 милиони 406 илјади, кон ЕУРОФИМА 16 милиони 666, кон Банката за развој при Советот на Европа 6 милиони 971 илјада, кон Европската Унија 37 милиони 220 илјади, кон ИФАД 3 милиони 067 илјади, билатерални кредитори се вкупно 316 милиони 398 илјади, кон Парискиот клуб 252 милиони 461, тој е репрограмиран во тоа време 12 милиони 001, новозаклучени кредити 51,936 и приватни кредитори се вкупно 404 милиони 811, Лондонски клуб "НФС" од 1997 година 252 милиони 699 илјади, останати приватни кредитори 152 милиони 111 илјади, банки и приватни финансиски институции 119 милиони 814 илјади, странски претпријатија 32 милиони 296 илјади и вкупно долгот со 31.12. една милијарда 436 милиони 379 илјади и 570 долари.

Структурата на долгот според намената. Анализата на среднорочниот и долгорочниот долг според намената на средствата ни покажува дека 519,15 милиони долари или 36,14% од вкупниот долг се однесува на репрограмирани стари заеми и кредити.

За поддршка на платниот биланс и структурните реформи во земјата, долгот изнесува 431, 43 милиони долари или 30,04%. За оваа намена користени се кредити од ИДА, ММФ, ЕБРД и ЕУ.

За поттикнување на стопанскиот развој користени се кредити во износ 278,26 милиони долари или 19,37%. За оваа цел користени се кредитни линии за поддршка на малите и средни претпријатија од ИБРД, ЕБРД, Банката за развој при Совет на Европа, ИФАД - кредитите за поддршка на руралниот развој на јужниот и источниот регион на земјата, како и кредити од билатерални кредитори (KfW и Тајван).

Износот од 201,14 милиони долари или 14% од вкупниот долг произлегува од кредити наменети за подобрување на инфраструктурата во Република Македонија. За оваа намена се користени кредити од ИБРД (Проект за подобрување на транспортот), кредити од ЕУРОФИМА (Проект за опремување на железницата), ЕИБ (Проект за изградба на патишта), ЦЕБ (Проект за изградба на социјалните станови), кредитот од Владата на Република Кина за подобрување на инфраструктурата. Тука е кредитот од Експорт - Импорт банката на САД наменет за Проектот за безбедносната програма на Република Македонија.

Од вкупниот долг со 6,39 милиони долари или 0,44% учествува кредитот од САД за набавка на пченица за потребите на Дирекцијата за стокови резерви.

На состојбата на среднорочниот и долгорочниот долг на Република Македонија влијаат следните фактори:

(1) Користење на кредитите;

(2) Нови одобрени кредити во 2000 година;

(3) Отплата (сервисирање) на обврските;

(4) Курсни разлики.

Во периодот јануари - декември, 2000 година повлечени се средства по одобрени кредити во износ од 145,661 милиони американски долари (Табела 3).

Најголемиот дел од повлечените средства се наменети за проекти од јавниот сектор во износ од 109,88 милиони долари. Од овој износ Владата на Република Македонија користеше 84,58 милиони долари, Народна банка на Република Македонија користеше износ од 3,72 милиони долари, а јавните претпријатија користеа износ од 21,58 милиони долари.

Вкупните повлечени средства по однос на кредити во 2000 година, мултилатерални кредитори 93 милиони долари 538 илјади вкупно, при што Меѓународен монетарен фонд 3 милиони 719, Меѓународна банка за обнова и развој (Светска банка) 13.108, ИДА 38 милиони 422 илјади, Европската банка за обнова и развој 19 милиони 603, ЕУРОФИМА 1 милион 159, ИФЦ 5 милиони 935, Европската инвестициона банка 6 милиони 338, ИФАД 1 милион 464, Банка за развој при Совет на Европа 3 милиони 736, билатерални кредитори 16 милиони 425 и приватни кредитори 35 милиони 698 се на се вкупно 145 милиони 661 илјада.

Од вкупниот износ на повлечените средства, 93,538 милиони долари се повлечени од меѓународни финансиски институции. Повлечените средства се

користат за следните проекти: ММФ (Аранжманот ПРГФ/ЕФФ наменет за поддршка на платниот биланс), ИБРД (Проект за поддршка на приватниот сектор, Проект за транспортниот сектор, Проект за подобрување на енергетскиот сектор, ФЕСАЛ II) и кредити земени под ИДА услови (Проект за социјални реформи, Проект за здравство, за земјоделство, за иригационен систем, Техничка помош за пензиски реформи); од ЕБРД (Проект за унапредување на системот за контрола на летање, Проектот за развој на Македонски телкомуникации); Банка за развој при Совет на Европа (Проект за креирање на нови работни места и Проект за социјални станови); ЕИБ (Проект за изградба на патишта), ИФАД (Проект за рурален развој на јужните и источните региони на земјата).

Од приватните кредитори искористени се 35,698 милиони долари. Од овој износ 8,61 милиони долари користеа деловните банки во Република Македонија, додека 27,18 милиони долари се користени од страна на македонски трговски друштва. Од билатерални кредитори користени се средства во износ од 16,425 милиони долари.

Во однос на мултилатералните кредитори во 2000 година, долгот е намален за 4,8 милиони долари споредено со состојбата на крајот од 1999 година. Кај билатералните кредитори остварено е намалување на долгот од 0,8 милиони долари.

(2) Одобрени кредити и заеми во 2000 година.

Во 2000 година Република Македонија водеше активна надворешна политика во поглед на обезбедување и склучување на нови аранжмани со странство, како резултат на што се одобрени заеми по следните основи:

ПРГФ/ЕФФ аранжманот, зборувам во долари, 45 милиони, Фесал II 50,3 милиони, Проектот за земјоделски и финансиски услуги 8,2 милиони долари, кредит за набавка на опрема од ЕУРОФИМА 1 милион 169, Европска Унија за макрофинансиска поддршка 44,955 милиони, Експорт-Импорт банката на САД за Проекти за безбедносната програма на Република Македонија 12 милиони и 200, ЕБРД - Акциона програма за унапредување на општините и животната средина 18 милиони 717, Нова Љубљанска Банка, ЈКП Стандард Дебар и ЈП Комуналец Кавадарци, првото 106 илјади 486, второто 845 илјади 109, сега зборувам во марки, понатаму во евра, Банката за развој при Советот на Европа Проект за изградба на социјални станови 13 милиони 498 илјади евра, КФW, Проект за развој на мали и средни претпријатија, зборувам во марки 6 милиони 765 илјади и Проект за реализација по Проектот на мали и средни претпријатија 7 милиони 216 илјади или вкупно 208 милиони 972 илјади.

Со оглед на лимитите за неконцесионално задолжување договорени со ММФ по аранжманот ПРГФ/ЕФФ, Република Македонија водеше политика на селективно задолжување имајќи ги во предвид условите под кои се користат кредитите и заемите.

Согласно утврдените критериуми на ММФ за оценување на концесионалноста од горенаведените кредити како концесионално задолжување се сметаат следните склучени кредити и заеми: ПРГФ/ЕФФ Аранжманот, делот од ФЕСАЛ II во износ од 20 милиони долари кој се користи под ИДА услови, ИФАД проектот за земјоделски и финансиски услуги. За концесионално задолжување се смета и Макро - финансиската поддршка добиена од ЕУ, доколку се земе и грант компонентата од 30 милиони евра која изнесува 37,5% од вкупната макро - финансиската поддршка во износ од 80 милиони евра. Проектот МЕАП од ЕБРД исто така се смета за концесионално задолжување заради тоа што од вкупната вредност на проектот која изнесува 48,3 милиони долари, грант компонентата е 29,6 милиони долари. Во месец мај ЦЕБ ќе го разгледува барањето на Република Македонија за одобрување на субвенција на каматната стапка од 1,5% на постоечката каматна стапка (ЕУРИБОР%+40 б.п.) на Проектот за социјални станови. Со одобрувањето на субвенција на каматната стапка, задолжувањето по овој проект ќе премине во концесионално задолжување. Исто така, кредитот од KfW во износ од 16 милиони марки е добиен под концесионални услови.

Според тоа, од вкупното задолжување на Република Македонија во текот на 2000 година, кое изнесува 208,9 милиони долари, износот од 143,6 милиони долари или 68% претставуваат концесионално задолжување, не вклучувајќи го Проектот за изградба на социјалните станови.

Согласно индикативните таргети за 2000-2001 година од ПРГФ/ЕФФ Аранжманот, утврдениот износ за неконцесионално задолжување претставува 100 милиони долари, наспроти фактичкото неконцесионално задолжување во 2000

година кое изнесува 65,3 милиони долари. Иако сеуште не се достигнати поставените граници кои се однесуваат на неконцесионално задолжување, Министерството за финансии е во преговори со неколку меѓународни финансиски институции за одобрување на заеми за неколку проекти. Имајќи го во предвид ова се предвидува достигнување на индикативните таргети поставени и за 2001 година.

Имајќи го во предвид значењето на исполнувањето на договорените индикативни таргети во рамките на ПРГФ/ЕФФ Аранжманот, како и заклучоците кои во повеќе наврати ги има добиено Владата на Република Македонија, надлежните министерства кои имаат учество во овие кредити се влезени исто така во преговори заедно со Министерството за финансии.

Околу отплатата на кредитите. Во текот на 2000 година спрема странски кредитори по основ на среднорочен и долгорочен долг извршени се плаќања во вкупен износ од 165,07 милиони долари, и тоа отплата на главнина на долгот во 111,30 милиони американски долари и отплата на камата во износ од 53,77 американски долари. Јавен сектор по основ на главнина 56,65 милиони долари, по основ на камата 46,25, вкупно 102,90. Приватен сектор 54,65 по основ на камата 7,52,вкупно 62,17 милиони долари. Или вкупно 111,3 милиони долари по основ на главнина, по основ на камата 53,7 милиони долари, што се вкупно изнесува 165,07 милиони долари.

Значајно за рејтингот на Република Македонија е што од септември 2000 година, Република Македонија започна со редовно сервисирање на доспеаните обврски кон земјите од Парискиот клуб на кредитори, при што во текот на 2000 исплатени се обврски кон Парискиот клуб во вкупен износ од 18,4 милиони долари. Во тек е склучување на билатерални договори со земјите членки на Парискиот клуб на доверители со кои ќе се изврши реорганизација и репрограмирање на обврските од периодот на мораториумот (01.04.1999-31.03.2000 година), кои преговори се во завршна фаза.

Услови на користење на кредитите по одделни кредитори. Користењето на кредитите се врши согласно да потпишаните договори за заем и стандардните услови од институциите кои се јавуваат како позајмувачи. Средствата добиени за финансирање на проекти одобрени од Светска банка се користат како под ИДА услови (кои се сметаат за поповолни) и ИБРД услови. ИДА условите подразбираат 35 години рок на враќање, вклучувајќи грејс период од 10 години, провизија на повлечени средства од 0,75% и провизија на неповлечени средства од 0,5%. Услов за користење на средствата под ИДА услови е земјата да има БДП per capita 800 американски долари. Со оглед на тоа што нашата земја во моментот не го исполнува овој услов, на Република Македонија средствата под ИДА услови и се достапни до 30.06.2001 година. ИБРД услови подразбираат 20 години рок на враќање, вклучувајќи грејс период од 10 години, камата од променлива ЛИБОР% и провизија на неповлечени средства од 0,75%.

Средствата добиени од ЕБРД се користат со каматна стапка од ЕУРИБОР + 1%, рок на отплата од 20 години и грејс период од 4-5 години. На овие средства согласно стандардните услови на ЕБРД се плаќа провизија на неповлечени средства од 0,5%.

Средствата од Европска инвестициона банка се користат под поповолни услови од стандардните заради неповратните средства во износ од 20 милиони евра издвоени од Буџетот на Европска Комисија кои се наменети за субвенција на каматната стапка и ја намалуваат каматната стапка за околу 2%. Рокот на отплата на кредитите од ЕИБ изнесува 25 години, вклучувајќи грејс период од 7 години.

Средствата од Банката за развој при Совет на Европа се користат со период на враќање од 15 години, вклучувајќи грејс период од 5 години, каматна стапка од ЕУРИБОР%+ 0,4%. За Проектот за социјалните станови кој е веќе одобрен во 2000 година, заради новонастанатата безбедносна состојба во земјата, Банката за развој при Совет на Европа најверојатно ќе и одобри на Република Македонија субвенција (намалување) на каматната стапка од 1,5%.

За заемите добиени од билатерална основа, покрај вообичаената каматна стапка за позајмување на средствата не се плаќа провизија.

Конечно, оценка за задолженост на земјата.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:** (Продолжение)

Задолженоста на земјата се разгледува од аспект на пресметување според еден од методите кои ги користи Светската банка и тоа користејќи ги

параметрите дефинирани на следниот начин. Вкупен надворешен долг во кој се инкорпорирани краткорочниот, среднорочниот и долгорочниот долг со состојба на 31.12.2000 година. Вкупното сервисирање на долгот ја опфаќа вкупната отплата на главнина и каматата по среднорочни и долгорочни, и отплатите на камата по краткорочен долг. Вкупните отплати на камата, ги опфаќа вкупните отплати на каматата по краткорочни, среднорочни и долгорочни кредити.

За 2000 година се пресметани следните показатели. Вкупниот надворешен долг спрема бруто домашен производ, изнесува 43,64%, според кој критериум спаѓаме во групата на умерено задолжена земја.

Вкупниот надворешен долг спрема извоз на стоки и услуги, изнесува 99,52%, според кој критериум спаѓаме во групата на помалку задолжена земја.

Трет метод, исто така од Светската банка. Вкупното сервисирање на долгот спрема извоз на стоки и услуги изнесува 11,22%, според кој критериум спаѓаме во групата на помалку задолжени земји.

И конечно четвртиот метод, вкупните отплати на камати спрема извоз на стоки и услуги, изнесува 3,78%, според кој критериум спаѓаме повторно во групата на помалку задолжени земји.

Значи од вкупно четири параметри, методи кои што ги користи Светската банка, дали една земја спаѓа во група на помалку задолжени земји, на умерено задолжени земји, или на високо задолжени земји од вкупно четири методи, според три методи спаѓаме во група на земји од помалку задолжени земји и само според еден спаѓаме во умерено задолжена земја, а според ниеден не спаѓаме во високо задолжена земја.

Се надевам дека оваа информација за надворешната задолженост на Република Македонија, а и повеќето информации што ги дадов конкретно за што ќе се користат овие средства, трафостаниците што ги споменав малку поконкретно ќе задоволат дел од вашите прашања што ги поставивте денеска.

**ЉУПЧО АНУШЕВ:**

Потпретседателе, ве молам, со сета почит спрема министерот, да се обрне внимание да се користи дневниот ред, затоа што ова не е седница за пратенички прашања, па макар биле тоа прашања и од пратеник како што е Чифлиганец. Мислам дека треба да се држиме на редот.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Има збор г-динот пратеник Наќе Стојановски.

**НАЌЕ СТОЈАНОВСКИ:**

Јас би сакал, со оглед дека министерот за финансии во Владата на Република Македонија г-динот Груевски изнесе едно целосно, темелно и со аргументација кажување во врска со задолженоста на РМ, направи пресек на овој момент, со оглед на фактот што често пати на дневен ред пред ова Собрание, пред пратениците доаѓаат закони за задолжување на Република Македонија, би сугерирал до вас ако може тоа излагање да ни биде поделено на пратениците. И евентуално да го имаме во вид, затоа што навистина од бројноста на цифрите што беа изнесени и аргументацијата тешко можеме да ..

(Со седницата продолжи да раководи Стојан Андов).

Сега незнам дали треба да повторам, бидејќи се менувате во вожња, треба да застанете. Некој може да скрши глава, застанете го возот.

Г-дине претседателе јас дадов еден предлог кој се однесуваше до претседавачот на седницата. Е сега вие се сменивте во вожња.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Веројатно погрешив.

**НАЌЕ СТОЈАНОВСКИ:**

Не дека погрешивте, туку навистина ме доведовте во непријатна ситуација.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ајде да му ја подобриме ситуацијата на г-динот Стојановски.

Ми беше соопштено дека предлогот беше да се симне од стенограмот излагањето на г-динот Никола Груевски.

**НАЌЕ СТОЈАНОВСКИ:**

И да се подели на пратениците.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Тоа е предлогот на г-динот Стојановски.

Да видиме што вели министерот.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Јас се плашам дека посебно ќе дојде до пролонгирање на прифаќање, или неприфаќање на овој закон. Сакам да напоменам дека сите информации што ги кажавте се јавно објавени информации. Даречеме во Билтенот на Министерството за финансии ги има од 11-ти месец, на веп страната на Министерство за финансии некаде од јануари месец, во извештаите на

Народна банка на Република Македонија кој знае од кога. Мислам дека не би требало сега да се губи време за да се проучуваат сега овие информации. Значи не се бара пауза. Да нема пауза за да ги завршиме работите до крај. Овој проект чека некаде од крајот на минатата година ми се чини во парламентот. Проектот Козјак се кочи заради тоа што нема финансиски средства, а имаме еден извонреден кредит по извонредни услови, невозможно е полесни услови да се најдат за финансирање на еден таков проект кој што е од капитално значење за земјата. Ако сакате еве, и за електричната енергија некој спомна трговски дефицит, секако дека има влијание затоа што наместо да увезуваме, ќе имаме поголемо сопствено производство на електрична енергија. Така што би замолил за поголема ефикасност во работењето.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Според тоа, не е предложена пауза.

**НАЌЕ СТОЈАНОВСКИ:**

Јас овој предлог го дадов надвор од контекстот на процедурата во врска со конкретниот закон.

Второ, јас верувам дека овие податоци се публикувани во официјални публикации во Република Македонија, но овде беше еден сублиман за кој тешко ние доаѓаме до тие податоци во различни публикации. Во еден сублиман кој ќе ни користи за во иднина. Јас го нагласив тоа во други ситуации итн. Не барам никаков прекин на седницата, ниту го врзувам со судбината на процедурата на носењето на овој закон.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Значи сега е јасно. Излагањето нека се симне од стенографските белешки. Излагањето на министерот да се подели на пратениците, но тоа е независно од текот на расправата. Продолжуваме со работа.

Има збор г-динот Илија Филиповски.

**ИЛИЈА ФИЛИПОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници, министри, немав намера јас да расправам околу проблемот на задолженоста на РМ бидејќи ние како Комисија, јас како член во Комисијата за кредитно - монетарна политика и банкарство, донесовме заклучок со кој Министерството за финансии тоа го прифати, Министерството за финансии заедно со Народна банка да изготват една ваква информација која ќе биде доставена на Комисијата, за да може да се отвори расправа по тоа прашање, бидејќи постојат многу шпекулации за степенот на задолженоста на РМ. Да ја наречам шпекулација од Светската банка дека задолженоста на РМ е извршена врз основа на анкетите на доверителите, дека Македонија е задолжена со една милијарда 830 милиони долари.

Прашањето кое што беше поставено на Комисијата беше поставено, кој е степенот на денешната задолженост, дали постојат договорени кредити кои не се искористени и врз основа на тоа да се даде одговор за задолженоста на РМ, бидејќи тие кои се договорени кредити сигурно ќе се користат. Претпоставувам дека некои обврски има Република Македонија спрема кредиторите што треба да ги изврши за да можат да се користат тие кредити. Значи еден таков целосен преглед на состојбата на задолженоста на РМ, на договорената задолженост на РМ. Бидејќи во странство кредиторите нас не гледаат според тоа како Светската банка ја известува меѓународната јавност, а не гледаат што ние зборуваме овде. И се надевам дека таква информација на Комисијата ќе добиеме по која ќе можеме да расправаме за да можеме да имаме еден целосен увид за натамошните задолжувања ние да градиме соодветни ставови.

Моето јавување е повеќе по прашањето, мислам дека таа информација ќе ја добиеме и ќе расправаме на Комисијата. Заправо моето јавување е повеќе заради предлогот на амандманот од предлагачите Алија Шахиќ и Данило Глигоровски. Претпоставувам дека како вообичаено што е, ако Владата не предложи некое решение, тогаш преку своите пратеници се даваат амандмани и тој амандман обично е прифатлив за Владата. Јас однапред сакам да кажам дека ќе гласам против, и пратеничката група ќе гласа против ваков амандман за кој се вели дека во член 4 се менува и гласи: "сервисирањето на кредитот ќе го врши Агенцијата за развој и инвестиции во име на Владата на РМ". Значи ќе нема никакво обезбедување за давањето на кредити од страна на банките, преку банкарскиот систем и ќе си делат кредити меѓу себе. Веројатно ќе си купуваат и пратеници на тој начин. Јас сега поставувам едно прашање до министерот, мислам дека би било добро и шпекулациите кои постојат во јавноста, да добиеме еден краток одговор од пратениците кои седиме во овој дом, кој има користено кредити од Агенцијата за развој и инвестиции и дали има дадено некое обезбедување за враќање на тие кредити.

Од тоа ќе зависи натамошниот тек на моето вклучување во расправата.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор г-динот министер за финансии Никола Груевски.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Не можам во детаљи да ви одговорам кои индивидуалци и кои правни лица земале кредит од Агенцијата, бидејќи таа информација во моментот ја немам. Меѓутоа, можам да кажам, да најавам дека не сме со намера да го прифатиме овој амандман.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор г-динот пратеник Ванчо Чифлиганец.

**ВАНЧО ЧИФЛИГАНЕЦ:**

Се јавувам г-дине претседателе на некој начин да се надоврзе мојата дискусија и да му се заблагодарам на почитуваниот министер г-динот Груевски за едно прашање што конкретно одговори, а сакам да ги информирам колегите пратеници, со министерот Груевски освен парламентарната говорница што не поврзува, ништо не не поврзува, не сме договорени јас да поставам прашање, а тој да ја прочита информацијата за надворешната задолженост на Република Македонија. Сакам да кажам, г-дине министер, надворешната задолженост на РМ во глобали скоро секој пратеник и јас ја знаеме. Оваа информација што вие ја дадовте треба да биде поделена до сите пратеници, до сите институции, да знаеме што понатаму. А на крајот на краиштата треба и на расправа пред Парламентот како во наредниот период ќе се враќа ова. Веднаш имам забелешка во глобала, ако ние една милијарда и 500 илјади милиони долари должиме со камата која е напишана во тие наши договори, ние скоро ако ја враќаме целосно каматата на годишно ниво, значи ние каматата ја враќаме и еден мал дел од главницата, а основицата од милијарда и 36 милиони долари од една милијарда долари ни останува. Ја имам забелешката ако ние со такво темпо ги враќаме кредитите што сме задолжени спрема банките странски, на нас во најмала рака ни требаат 15,20 години без посебна стратегија изградена. Значи ние само каматата и мал дел од главницата ја враќаме.

Сега сакам да поставам едно прашање, ако долгорочните кредити околу 700 милиони долари се, претежно "Фени" е околу 300-400 милиони долари и другите стратешки објекти, зошто не се запрашаме надворешната задолженост на РМ од 700 милиони долари и во досегашен степен на приватизација тој направен долг за стратешките објекти во РМ за која сума е продаден. Значи продаден е со дисконт од 70 до 80%. Ако е така, еднаш го поставив прашањето, зошто како Република Македонија, како институции на државата не успеавме пред Светската банка да овој долг не го откупуваме, враќаме со целосен износ, туку да го дисконтираме со 70 до 80%, па нека е и со 50%, или 60%, кога беше косовската криза, кога доаѓаа светските политички личности, економисти, банкари, ММФ и т.н. И дури рековме, нека се продадат тие стратешки објекти, барем надворешниот долг половно, или приближно половно да се намали. Во тоа не успеавме. Вие добро знаете дека надворешниот долг на РМ своевремено може да се откупи со 20, 30, па и со 50%. Тоа не е прашањето.

Прашањето беше главно, јас се оддалечив од темата. Информацијата ќе ја добиеме, ќе ги добиеме стенографските белешки, јас ќе си го побарам и да не ми го дадете веќе тоа што сте го кажале за мене е закон и ви благодарам на вашето внимание и темелитост тоа што со целосен респект го направивте.

Прашањето г-дине министер и фактори кои одлучуваат приоритет на тие средства кои сме ги користеле, не бевте до крај убедливи според она што јас како пратеник го мислам. Ние можевме да направиме подобар приоритет, да го намалиме трговскиот дефицит, да го зголемиме конвертибилното производство кое ќе оди на извоз, да направиме супституција да замениме многу производи што ние ги увезуваме. Ние веќе дојдовме што сме најповолно подрачје да произведуваме, ние го увезуваме и сакаме territor поволен трговски дефицит.

Сега ве прашувам, ние денеска дваесетте милиони долари во најголем дел ќе ги инвестираме во енергетско - електро инфраструктурни објекти. Зошто на овој Парламент и на Владата официјално, на било која Влада не се постави прашањето. Ние имаме енергентска основа, минерална суровинска потенцијалност за производство на електрична енергија уште неполни десет години. "РЕК - Битола " располага со минерален суровински потенцијал за уште неполни десет години. Тоа е два мандата на две Влади. Значи за десет години РМ ќе биде во мрак. Дали треба тогаш нашата директна економска зависност да биде од нашите соседи Грција, Бугарија, Југославија, Албанија итн. Зошто сега тоа прашање не се поставува. Наместо на

Бунарџик да го градиме тоа, да видиме супституција на јагленот итн., не само како стратегиска определба, туку конкретни чекори како Парламент, како Влада на тој план да направиме. Десет години поминаа. Вчера беше 1991 година, сега е 2001 година. И денес увезуваме скапа електрична енергија, го задолжуваме Електростопанство, односно оваа сфера, а купуваме електрична енергија најскапо од нашите соседи, а ја трошиме најевтино на странски инвеститори. Замислете, еден "Фени" што ќе користи по поволна електрична енергија, ние поскапо плаќаме спрема Република Бугарија, отколку што ќе искористи инвеститорот. Четири милиони долари се заштедуваат само во разлика на цена, а бруто платата на сите вработени годишно е два милиони и осумстотини, три милиони долари. Кажете која е таа логика, а Република Македонија за десет години ќе биде во мрак. Еднаш треба да кажеме, има нешто стратешко што е во Република Македонија, тоа е нацијата, тоа е човечкиот ресурс. После тоа доаѓа електричната енергија што е стратешки енергент за Република Македонија.

**ВАНЧО ЧИФЛИГАНЕЦ:** (Продолжение)

Ние сега се задолжуваме да ја направиме 110-ката на Бунарџик ве молам, многу се поаѓа од периферијата, а не ја гледаме суштината на проблемот. Ако веќе станува збор за енергетиката, тоа треба да се направи со една програма, во која ќе се каже што после десет години во поглед на супституцијата во Македонија, со што, со кои средства, се знае висината, од кои извори, како ќе се враќаат средствата. Тоа е реформскиот курс на Република Македонија што треба да се постави.

Ова што го кажавте го прифаќам, но има уште подобри приоритетни излезни решенија. Кога јас би правел приоритет, би направил супституција на јагленот после десет години. Ако има некој право и стручно и научно во оваа сфера, во оваа област ќе расправаме зашто за 10 години Македонија нема електрична енергија од сопствени извори. Затоа, не ми одговоривте на прашањата за приоритет за граѓаните, но не сакам да ја økonomestuvam седницата, тоа да биде реплицирање меѓу мене како пратеник и вас како министер. Јас сум подготвен во писмена информација, без донации, без стимулации да ви доставам како професор од оваа област каде можат да се инвестираат средствата и да се добие најдобар ефект.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор господинот Љупчо Анушев.

**ЉУПЧО АНУШЕВ:**

Господине претседателе, господине министер, колеги пратеници, овие две-три години во неколку наврати имавме вакви кредитни линии и слушавме од претставниците на Владата под какви услови се тие кредити. Значи, тие се под многу поволни услови од било каде. Бевме сведоци на многу грантови кои Република Кина Тајван ги даде во Република Македонија за инфраструктура, објекти итн. Да не ја спомнуваме бесцаринската зона итн. Меѓутоа, неможам да се отргнам од една мисла за нашиот двоен морал, со оглед на тоа што за овие три години знаеме какви критики претрпе тој проект и какви различни мислења имавме овде во однос на улогата на Република Кина Тајван во македонската економија. Со оглед на тоа што и јас заедно со Чифлиганец бев во Тајван и видовме каква сила е тоа и какви потенцијали може Македонија да има од таа земја, мислам дека во овој дел на моето излагање лежи одговорот на колегата Чифлиганец, на прашањето на колегата Чифлиганец зошто бесцаринската зона не е направена порано, со што не е даден целиот тутун итн. Затоа што проекти кои сеуште можеа да одат на пример како размена на стручни кадри, проекти кои наши млади стручни лица на доусовршување покажаа позитивни резултати и беа задоволни ги прекинавме. Тоа е оној двоен морал кај нас што треба да го измениме ако сакаме да одиме напред.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор господинот министер за финансии.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Во правец на тоа што беше споменато дека за десетина години Република Македонија ќе се најде во мрак, би сакал да го негирам тоа, зашто токму ова што сега го прави Владата е акција да не се случи такво нешто. Владата изготвува своја стратегија за електроенергетскиот систем, која треба наскоро да биде готова. Една таква стратегија постои како стратегија на МАНУ од 1997 година, сега се изготвува и друга, така што се вклучува и приватниот сектор во електроенергетската област како би придонел повеќе кон поефикасно искористеност на потенцијалите и мислам дека такво нешто нема да се случи, да дојде до затемнување или слично.

Инаку, се согласувам дека средствата што се даваат за увоз на електрична енергија се значителни и дека треба што е можно по итно да се работи на изградба на капацитети кои ќе го супституираат сето ова, како што е да кажеме овој капацитет кој сега се гради.

Инаку, за дополнување да кажам, нешто беше споменато околу прогресот на долгот во иднина, би сакал да споменам дека во 2001 година земјата има за враќање 199.234.888 долари, за 2002 веќе се намалува на 166.277.312 долари, 2003 година на 159.000.000 долари, 2004 година 135.000.000 долари, што значи дека имаме тренд на намалување. Понатаму во 2005 година 112.000.000 долари, 2006 година 111.000.000 долари, 2007 година 104.000.000 долари, 2008 година 109.000.000 долари, 2009 година 119.000.000 долари, 2010 година 113.000.000 долари, 2011 година 97.000.000 долари, 2012 година 83.000.000 долари, 2013 година 30.000.000 долари и 2014 година 24.000.000 долари, така што генерално линијата е надолна во намалување и во отплата на долгот.

Инаку за повеќе информации во врска со ова, уште еднаш ќе повторам на ВЕБ страницата на Министерството за финансии www.finance.gov.mk и на ВЕБ страницата на Народна банка www.nbrm.gov.mk.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Реплика за господинот Ванчо Чифлиганец.

**ВАНЧО ЧИФЛИГАНЕЦ:**

Тоа не е класична реплика. Со аргументи, со факти електричната енергија се произведува врз основа на експлотираниот јаглен во пелагонискиот базен, тоа што го прави РЕК Битола. Денес за неполни десет години со невклучување на големите потрошувачи Југохром и ФЕНИ тоа е веќе алармантно и затоа се апелира ова што го прави Владата, тоа е на ниво на претфизибилити или физибилити студија. Кога се направи крајната инвестиција, крајниот проект и кога ќе се донесе инвестиционата одлука за супституција на јагленот, тогаш можеме да зборуваме дека Република Македонија после десет години нема да биде во мрак односно нема да поседува сопствена електрична енергија. Тоа беше господине почитуван министер мојата забелешка.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Значи се разбравте околу тоа.

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за задолжување на Република Македонија преку кредит кај Меѓународната комерцијална банка на Република Кина по договорот за кредит за реализација на инфраструктурни проекти.

Ве молам да гласаме.

(По гласањето).

Гласале 60 пратеници. Ќе ги соопштам резултатите од пратениците.

Значи гласале 60 пратеници од кои 48 за, 10 воздржани и 2 против.

За да соопштам дали е донесена одлуката треба да утврдиме дали имаме доволен број присутни пратеници.

Молам, службата да утврди точен број на присутни пратеници во салата.

(По пребројувањето од страна на службата).

59 пратеници се внатре во салата, а гласале 60.

Молам да повикате пратеници за да можеме да го извршиме гласањето кое ќе важи.

(Во салата влегоа повеќе пратеници).

Сега можеме да минеме на гласање.

Ве молам да гласаме.

(По гласањето).

Гласале 67 пратеници, од кои 52 за, 13 воздржани и 2 против.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон?

Ве молам да гласаме.

(По гласањето).

64 пратеници гласале, од кои 54 гласале за, 8 воздржани и 2 против.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Отворам општ претрес по предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Законодавно - правната комисија поднесе амандмани на насловот на предлогот на законот на член 5 став 2.

Пратениците Алија Шахиќ и Данило Глигоровски поднесоа амандман за менување на член 4 по кој Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандманот на насловот на Предлогот на закон поднесен од Законодавно - правната комисија.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Амандманот се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Отворам претрес по амандманот за менување на член 4, поднесен од пратениците Алија Шахиќ и Данило Глигоровски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Овој амандман не се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме. (По гласањето).

Гласале 66 пратеници, од кои 15 за, 5 воздржани и 46 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот за менување на член 44, поднесен од пратениците Алија Шахиќ и Данило Глигоровски.

Отворам претрес по амандманот на член 5 став 2 поднесен од Законодавно - правната комисија.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Амандманот се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Благодарам.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

(По гласањето).

Вкупно гласале 67 пратеници, од кои 52 пратеници гласале за, 14 воздржано и 1 против.

Констатирам дека Собранието го донесе законот за задолжување на Република Македонија кај Меѓународната комерцијална банка на Република Кина по договорот за кредит за реализација на инфраструктурни проекти.

(Повеќе пратеници бараат пауза).

Добро, еден час пауза, до 16,30 часот.

(Паузата отпочна во 16,40 часот).

(По паузата седницата продолжи со работа во 17,15 часот).

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Продолжуваме со работа.

Минуваме на точката 14. - Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за здравствено осигурување, со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на законот, со предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието, ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на законот.

Молам кој бара збор?

Има збор г-динот пратеник Златко Стојменов.

**ЗЛАТКО СТОЈМЕНОВ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани колеги пратеници, почитуван претставник на Владата.

Јас ќе се обидам навистина, да бидам конструктивен и најнапред ќе кажам дека оваа промена, која е денеска за законот за здравствено осигурување е како последица на оној дел на кој изврши интервенција уставниот суд и промената беше, скоро едногласно, колку што се сеќавам, прифатена од Комисијата за здравство.

Во тој прилог, таа е промена која е можеби од технички карактер и јас многу не би зборувал во тој дел, меѓутоа, излегов сепак за една мала интервенција до претставникот на Владата, да го искористам неговото присуство во овој случај, бидејќи минатиот пат беше одбиено моето инсистираше, да се стави точка на дневен ред за состојбите на здравството во парламентот. Во меѓувреме, оваа одредба што е интервенирана од Уставниот суд, имаше укинување на нова одредба од

Уставниот суд, денеска на денешната седница на Уставниот суд се укинати нови две одредби од Закон за здравствено осигурување. Значи, еден важен сегмент од функционирање на здравството, веќе има неколку интервенции, а ние на тоа не реагираме, не интервенираме и Комисијата за здравство е исфрлена на страка од овие случувања.

Ова е моето барање и барањето на Комисијата за здравство од 5.02., на основа на барањето од 18.12.2000 година за состојбите во здравството и за подзаконските акти за примена на Законот за здравствено осигурување. Тоа се сериозни состојби кои го потресуваат македонското здравство, а ние тој закон го донесовме во април, имавме шест месечни обврски да ги донесеме подзаконските акти, ги имаше на Владата, која не успеа да ги оствари, меѓутоа, сега се појавуваат некои други објекти или пречки. Затоа, јас би молел и би инсистирал ова како отстапка во процедурата, која ни остана последна за да разговараме за проблемите во тој закон за здравствено осигурување за проблемите за здравството, единствен начин што остана можен, бидејќи мнозинството се изјасни против мојот предлог минатиот пат, по втор пат, Владата да одговори на ова барање и јас би молел Владата да одговори на ова мое поставено барање, кое е потпишано од Комисијата за здравство, преку тој одговор да бараме додатно објаснување од Министерството за здравство, Фондот за здравство за да разговараме за проблемите.

Почитуван господине заменик министер, она што го искажа претседателот на Управниот одбор од Фондот за здравство дека е намален дефицитот во Фондот за здравство за една огромна сума на средства, тоа е голем исказ, тоа е случуваше за еден голем дел од средствата за кое ние немаме увид во овој Парламент. Се изјаснивме за транспарентност во функционирањето со манипулирањето со средствата во здравството и тоа е еден од аспектите за кое би сакал да разговараме. Ние прифаќаме дека 33 милиони се останати дефицит од оној што бил првобитен, меѓутоа, јас тврдам дека тоа не е добро за македонското здравство.

Дајте да ги спротивставиме аргументите, да разговараме за една сериозна состојба која го потресува овој сегмент на живеењето на граѓаните. Министерот се согласи и вие ќе се согласите дека состојбата во здравството не е добра и е драматична. Дека треба да разговараме за неа, дека сме на средината во реформите. Знаеме дека денеска донесовте нов голем проект, а тоа е Законот за здравствена заштита кои вие во владина процедура и кои очекуваме наредниот месец да биде вон собраниска процедура. Ние не сме завршиле со проектот Закон за здравствено осигурување, немаме подзаконски акти, имаме неколку срушени делови во Уставниот суд, а веќе разговараме за една голема друга реформа, која се вика Закон за здравствена заштита.

Затоа, уште еднаш би апелирал до вас за да може г-динот Делче Ицков, како претседател на Управниот фонд да ги изрече своите аргументи ние да разговараме за тие аргументи, да видиме дали е така во здравството како што тој кажува, или не, да одговорите на овие прашања како министерство за здравство и ние да разговараме за сите овие проблеми за сите овие случувања во Министерството за здравство. За два месеца четири акти и четири делови од Законот за здравствено осигурување паѓаа на Уставен суд. Можеби тоа е доволна причина да направиме разговор на Комисијата за здравство и другите структури кои се компетентни за тоа.

Тоа е еден мој апел и јас лично до вас ќе го предадам, како едно потсетување од Комисијата за здравство да добијам одговор од ваша страна.

**АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ:**

Господине потпретседателе, заменику министер и почитувани пратеници.

Точно, овој закон е во еден член и регулиран врз основа на одлука врз Уставен суд. Во никој случај нема да се согласам и ме изненадува кога вели Комисијата за здравство, дека овие измени се од техничка природа. Затоа јас имам поднесено амандман, бидејќи овој закон е од еден член и тој член да се издржи, па да се додаде понатаму друг член. Имаше Закон за здравствено осигурување, кој здравственото осигурување го уредуваше во однос на правото на надоместок на плата за време на отсуство од работа, поради бременост, раѓање и мајчинство, а се условуваше со тоа здравственото осигурување на биде непрекинато најмалку шест месеци, пред започнување на отсуството. Што значи, ние донесовме закон поради изигрување, поради пријавување месец или два пред породување, остваруваа право на надоместок на плата, поради бременост и мајчинство.

Граѓанинот Стамен Филипов од Скопје сметајќи дека мајките родилки и

бремени жени се во нерамноправна положба, покрена постапка пред Уставниот суд, пред се, тргнувајќи од основните уставни решенија во член 42 став 1 и 3 од Уставот, дека Република Македонија посебно ги заштитува мајчинството, децата и малолетните лица да имаат право на посебна заштита.

Уставниот суд, постапувајќи по барањето на овој граѓанин, утврди дека нашето решение во Законот за здравствено осигурување, не е согласно Уставот и го укина тоа решение. Со укинувањето на ова решение, фактички вратено е во првобитната состојба, односно со денот на влегување во сила на оваа одлука на Уставниот суд, мајките и жените бремени, родилки, имаат право на остварување на надоместок, плата, иако не се осигуреници шест месеци. Точно е дека има одредени злоупотреби. Владата за да го реши ова прашање, тука е клучниот момент, а тргнувајќи врз основа, бидејќи здравственото осигурување е задолжително и солидарно, какво решение му нуди на сите вработени во Република Македонија, кои нема да имаат шест месеци работен стаж, освен повреда на работа и професионална болест, немаат право да остваруваат надоместок на плата и тоа: болест, и повреда надвор од работа, повреда на работа и професионална болест, лекување и медицинско испитување, негување на болен член на потесно семејство, неопходно придружување на болно лице, неопходно придружување на болно дете до три годишна возраст, доброволно давање на крв, ткиво, или орган, изолираност заради спречување на зараза сите овие категории нема да имаат право на надоместок во првите шест месеци. Право на надоместок на илата ќе имаат во првите шест месеци. Право на надоместок на плата ќе имаат по шест месеци. Ние ги носиме законите и можат да се изигруваат, но, здравственото осигурување е задолжително и солидарно. Ако некој во првите шест месеци ќе биде изолиран поради зараза и некоја болест, тој нема право да добие надоместок. Тоа е решението кое го нуди Владата. Незнам дали би издржал уставност, дали е солидарно и врз основа на придонеси кои ги плаќаат граѓаните. Многу е битно, не е од техничка природа, Владата, наместо да изнајде начин, да не се врши злоупотреба, како што се вршело кај жените бремени и родилки и мајки, тие ги изедначуваат сите. Тогаш, можеме да речеме не шест месеци, година, две и нема да го искористуваат правото. Тоа да го сфатат пратениците. Тоа е суштината. Неможејќи да се справат со злоупотребата на одредено право, а уставот, водејќи сметка на член 42, кој го цитирав, дека треба посебна грижа. Некој тоа го злоупотребува. Но, замислете некој ако се вработи, не природно е, бременоста не се планира или се планира и еднаш го има тоа право до 40 години. За злоупотреба треба да се санкционира. Тоа ако сака да го прифати овој Парламент од тоа решение, тоа е решението. Сите граѓани на Република Македонија, освен професионално заболување и повреда на работа, првите шест месеци немаат право на надоместок на плата поради боледување. И ако се исполнети двата услова од Законот, да плаќале придонес 60 дена најмалку пред боледувањето и да имаат наод од лекарска комисија, плус шест месеци. Тоа е оној дел, бидејќи се врши измена и дополнување на овој закон, јас би сакал да укажам на претставникот од Министерството, заменик на министерот и на претставниците на Управниот одбор на Фондот за една аномалија која овој Парламент го направи со донесување на Законот за здравствено осигурување. Тоа да кажам е точно. Осигурениците земјоделци со донесување на овој закон плаќаат 400% повеќе придонес за здравствено осигурување. Дали е грешка, дали е намерно, затоа јас имам еден амандман кој законското решение го враќа во првобитната состојба. Замислете, не можеме да имаме земјоделци, особено оној дел на земјоделски пензионери кои примаат 2600 денари, 50% од најниска илата, а тие 50 или 60% треба да дадат за здравствено осигурување, со тоа што тие некористат ни надоместок за боледување, за ова претходно што зборував. Нема да имаме земјоделие, нема да имаме ни ако ги усвоиме законите кои следуваат за развој на земјоделството за индивидуалните земјоделци. Што се случи? Се случи тоа што основица за индивидуалните земјоделци со ново решение, односно со одлуката што ја донесе Управниот одбор на Фондот за здравствено осигурување на основица од 65% од просечната плата во земјоделието. На неа се ставаат стапки од 14,6%. Тоа доаѓа 4 пати зголемено. Тоа не можат да го изразат земјоделците. Како претседател на работно тело, се обратија поголем број земјоделци, особено земјоделци пензионери. Јас затоа особено би ги потсетил пратениците од првиот состав. Ние како пратеници донесовме еден закон за земјоделците кои тогаш земаа три или пет марки. Сега не се ни сто марки.

Што направи Управниот одбор, со одлуката на Фондот за здравствено осигурување. Придонесот за основна здравствена заштита на земјоделците, изнесуваше 2,8%, за членови на семејство, врз основа на основицата од просечната плата во земјоделието, за еден член. За два члена изнесуваше 5,6%, 8,4% за три члена во семејството, а 8,6% за четири члена односно пет члена.

Сега, со оваа одлука за измена на Законот, која ние ја овозможивме, без разлика на членови, тие плаќаат 14,69%. Тие немаат логика. Јас тоа не можам да го разберам. Бидејќи се зема основица во земјоделието малку намалено, и тие вработени кои имаат многу други права, плаќаат 8,6%, а земјоделците плаќаат 14,69%. Земјоделците не плаќаат. Јас незнам дали има случаи такви, пратениците ми рекоа дека многу граѓани се јавувале за оваа аномалија.

Јас имам сознание, морам да кажам дека заменикот министер во претходните разговори дека би го прифатил овој амандман и тоа е добро. Но, со прифаќањето на овој амандман за земјоделците, ние нема да ја завршиме работата, доколку не го задолжиме Управниот одбор на Фондот да ја врати одлуката во првобитна состојба. Затоа апелирам, доколку може да се донесе заклучок, или по изјаснувањето по амандманите, би барал од надлежните органи, односно Министерството, да земат обврска дека ќе се заврши оваа работа од Управниот одбор, бидејќи голем број на членови на Управниот одбор се пратеници, сакам да го слушнам нивното размислување, доколку имаат сознанија за ваквата состојба за една категорија граѓани, затоа што по сите основи треба да ја стимулираме и да ја разбираме, а не да ја уназадуваме.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Има збор г-динот пратеник Стојан Ковачевски.

**СТОЈАН КОВАЧЕВСКИ:**

По оваа точка, сигурно пратеникот Златко Стојменов, а посебно интервенцијата на г-динот Гештаковски, зборува за тоа дека Комисијата за здравство ќе треба малку подлабоко да ги согледа проблемите, кои посебно г-динот Гештаковски ги покренува, за нешто што значи и Уставна повреда на делови од популацијата, популацијата на жените и земјоделците.

Јас само нешто ќе кажам. Господинот Гештаковски не натера да размислуваме. Ако се сака посебно да се спроведе одредбата во Законот за здравствено осигурување, по однос на породилното отсуство, ќе значи ли при засновувањето на работен однос, за женската популација да се воведе задолжителен тест за бременост.

Затоа мислам овој закон, најдобро би било, овој Предлог - закон да се повлече и јас го молам претставникот на Владата и по ова што го кажа Стојменов и по она што знаеме дека Уставниот суд, неколку пати интервенираше во овој закон, за повторно да не се најде на нови измени истиот закон, најдобро би било да се овој закон да се повлече, а посебна предност ќе биде што во процедура влегува Законот за здравствена заштита, тогаш можеби ќе бидеме покомплетни и нема да се направи некој друг пропуст, по кој Парламентот ќе треба да интервенира.

По однос на проблемите во здравството, да не не чуди, од кога постоел Парламент и ќе постои, секогаш проблемите за здравството и здравствената заштита и здравственото осигурување ќе бидат чести на седниците заради тоа што, оваа проблематика ја засега целата популација, не само делови на популацијата, туку сите граѓани на Република Македонија.

Да заклучам, инсистирам и предлагам, заради овие интервенции што се појавија уште на почетокот на точката на дневниот ред, претставникот на Владата да ја испита можноста за повлекување на овој законски проект, всушност, измените што навидум се кратки. Меѓутоа, се доста суштински, како што се гледа, посебно од интервенцијата на г-динот Гештаковски. Има потреба да се врати законот и да се внесат новите измени кои поминале на Уставниот суд, а и новите размислувања, по однос на она што г-динот Гештаковски укажа на Парламентот, сосема во право.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Дали уште некој друг бара збор?

Има збор господинот Муарем Неџипи, заменик министер за здравство.

**МУАРЕМ НЕЏИПИ:**

Господине потпретседателе, гледам дека интересот во здравството е голем и не случајно и ние стоиме на располагање, доколку се појави потреба и во ова Собрание отворено да се разговара за проблемите во здравството и во Фондот за здравствено осигурување. Но, бидејќи денес е сосема друга точка, велам ние не бегаме и спремни сме, доколку вие тоа го побарате да дадеме комплетна информација за состојбите во здравството.

Што се однесува до излагањето на г. Стојменов, јас информирав дека во најкраток рок по писмен пат ќе се информира во врска со промените на подзаконските акти.

Нормално последниот дискутант даде до знаење дека идеално здравство никаде во светот нема па и кај нас како земја во транзиција, во оваа финансиска ситуација во која се наоѓаме и која ја затекнавме. Нормално промените не можат да бидат толку ефикасни и толку добри и во интерес на сите. Затоа го ценам придонесот на господинот пратеник Гештаковски кој даде два амандмани.

Првиот амандман не можеме да го прифатиме, бидејќи за тоа што господинот Гештаковски зборуваше, по основ на други проекти сите тие ќе бидат опфатени со здравствена заштита. Но бидејќи повеќе се работи за парични давања каде што законот е дециден и вели најмалку 6 месеци пред започнувањето на отсуството пациентката треба да биде пријавена. Се работи за тоа бидејќи ние колку и да сакаме Фондот за здравствено осигурување да располага со одредени финансиски средства, доколку таа финансиска институција не се полни со тие средства, невозможно е да функционира. Така да од досегашната пракса, сме имале случаеви, неколку дена пред породувањето жените да се пријават во некои од државните или приватните фирми и со тоа имале право после 9 месеци да добиваат плата. По никоја основа, никаде, а поготово ние со една ваква состојба во Фондот за здравствено осигурување не сме во можност тоа да го поднесеме. Затоа, доколку најмалку 6 месеци пред породувањето биде пријавена и ги плаќа своите давачки, нормално дека ќе може и после тие 6 или 9 месеци да добие плата.

Што се однесува до вториот амандман, исто така, велам е од голем придонес за поквалитетен закон и ние него го прифаќаме.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

За амандманите подоцна.

За збор се јавува Ѓулистана Марковска.

**ЃУЛИСТАНА МАРКОВСКА:**

Почитуван потпретседателе, дами и господа пратеници, темава е навистина сериозна од аспект на тоа што вршиме една лесна и мала предлог измена на законот а всушност се работи за многу сериозна измена на законот и покрај тоа што соодејствува со решението на Уставниот суд односно одредба која што претходно беше прекината.

За мене се сосема остварливи барањата од поедини колеги што овде беа речени дека треба да се направи една поинаква промена на овој закон од аспект на тоа што и беше речено овде како забелешка, не само за земјоделците, туку и за други сегменти и на една таква седница и преку нашата Комисија за здравство и во овој законодавен дом, сите тие измени се направат одеднаш.

Од аспект на губење на средства во Фондот, можеби е добро и ова што го кажа заменикот министер, меѓутоа јас сметам дека е подобро тоа да биде направено на седница на која ќе бидат вметнати сите нови определби, особено од причина што, еве имаме едно известување дека има и други одредби на Уставниот суд.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Дали уште некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој друг не се јавува за збор го заклучувам општиот претрес и на Собранието му предлагам да го донесе следниов заклучок:

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на законот за изменување и дополнување на Законот за здравствено осигурување.

За збор се јавува господинот Стојан Ковачевски.

**СТОЈАН КОВАЧЕВСКИ:**

Доколку претставникот на Владата не прифаќа повлекување на Предлог законот за изменување на Законот, треба да се постави на изјаснување на Парламентот. Јас предлагам Парламентот да се изјасни. Овој Предлог на закон мислам дека треба да се повлече и на една од наредните седници да се дојде со измени кои што Уставниот суд ги направи и што произлегоа од потребата на оваа кратка расправа што ја имаме тука.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Господине Ковачевски овој Предлог на закон е влезен во дневниот ред, утврден е и тој може да се заврши или со доброволно повлекување, или со изјаснување на Собранието дали го прифаќа или не го прифаќа. Инаку, вака тоа е недопуслива работа.

Процедурално за збор се јавува г. Сејфедин Харуни.

**СЕЈФЕДИН ХАРУНИ:**

Најновите информации што ги имаме се дека Владата е во паника и ние

тука немаме претставник на Владата, во оставка е, а Собранието заседава.

Јас сакам подобри информации околу тоа и барам пауза од 15 минути, додека не добиеме точни информации од вториот спикер.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Господине Харуни, тоа што вие го говорите, тоа е ваше размислување. Дали некој е во оставка, или не, не е овластен да престане да работи. Додека не се разреши тој оди понатаму. Ако ве интересира тоа, повелете, имате каде, одете на друго место и дознајте.

Овој приговор не се прифаќа.

**СЕЈФЕДИН ХАРУНИ:**

Проблемот на Влада не е само ваш. Проблемот на Влада е во интерес на сите. И јас не си земам за право да кажам дека тој проблем е само ваш, или пак само нивни. Проблемот на Владата е проблем на Република Македонија.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Кога ќе решаваме за тоа, и тој проблем ќе го решаваме.

Јас го прочитав заклучокот.

Има збор господинот заменик министер за здравство Муарем Неџипи.

**МУАРЕМ НЕЏИПИ:**

На г. Харуни би му кажал дека за никаква паника не се работи. Кратко одговорно ја вршиме работата, како секој ден и денешниов ден. Не знам од каде такви информации допираат до г. Харуни. Јас не сакам да се задржам на шпекулациите кои господинот ги истакнува. И кога е некоја панична состојба ние од здравството сме доста одговорни и собрани.

Што се однесува до првиот предлог, ние не го повлекуваме и барам од Собранието да се изјасни по нашата процедура.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Продолжуваме со работа.

Заклучокот гласи:

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на законот за изменување и дополнување на Законот за здравствено осигурување.

Молам, да гласаме.

Гласале 62 пратеници, од кои 52 за, 9 воздржани и 1 против.

Констатирам дека заклучок е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Молам, да гласаме.

Од присутни 74 пратеници гласаа 61 пратеник. 47 пратеници гласаа за, 5 воздржани и 9 против.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Отворам општ претрес по предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Пратеникот Александар Гештаковски поднесе амандман за бришење на член 1, за менување на член 2 и за менување на член 1 по кои Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандманот за бришење на член 1 и за менување на член 2 поднесен од пратеникот Александар Гештаковски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**МУАРЕМ НЕЏИПИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор?

**АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ:**

Господине потпретседателе, да нема забуна, бидејќи говорев за двата амандмани.

Тоа е оној амандман, доколку се прифати од пратениците и понатаму жените родилки или бремени жени без пријавување од 6 месеци ќе остваруваат право на надоместок на плата и сите други вработени, тоа што ги набројав сите елементи, ќе остваруваат боледување, или она што го велиме надоместок на плата.

Доколку овој амандман не се усвои, сите вработени во првите 6 месеци нема да имаат право на надомест од боледување. Шест месеци ако е, иако е во работен однос, нема да има право на надомест освен при повреда на работа и професионална болест. Тоа го кажав за да им биде појасно на пратениците.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Има збор заменик министерот господинот Неџипи.

**МУАРЕМ НЕЏИПИ:**

Само едно дообјаснување.

Тука, за можните пациенти што ги спомна г. Гештаковски треба да се издвојат тие работи.

Здравствена заштита ќе има за сите по било кој основ, но паричен надоместок ќе имаат само тие кои најмалку 6 месеци пред породувањето треба да бидат пријавени во некоја институција и да се плаќа. Нормално, не може да се дозволи ниеден фонд, ни во една, можеби и финансиски појака држава не може да опстои, со три дена плаќање на додатоци за после 6 или 9 месеци да добива плата.

Другите што ги спомна, по било кој основ, тие се покриени со некои програми. Значи не се работи за тоа дека ќе биде пореметена здравствената заштита, туку се работи само за, ве молам, околу една работа да бидеме најасно. Најмалку 6 месеци жените треба да бидат пријавени и да се плаќа редовно додаток, бидејќи врз основа на тие средства ќе може следните 9 или 6 месеци да добива плата. Тоа е објаснувањето.

**СТОЈАН КОВАЧЕВСКИ:**

По однос на тоа дека над жените се врши дискриминација, ние тоа сме го превиделе и во првата фаза кога сме го усвојувале законот и преку Комисијата за здравство кога ги усвојувавме измените на законот кажав дека тоа е дискриминаторски. Меѓутоа, да ја проширам својата теза, за да ми биде чиста совеста и како пратеник и како лекар.

Некој влегува во работен однос. Ние сме оптоварени дека некој намерно ќе заснова работен однос ако е болен, ако знае дека е болен, за да не плаќа приватно туку да има сини картони. Не е секогаш така. Може човек да заснова работен однос, а да биде болен од тешко заболување и да не знае дека е болен. И сега ние велиме со закон 6 месеци, затоа што 6 месеци не сте во работен однос, туку сте помалку од 6 месеци и вие ќе плаќате приватно, па макар биле болни од рак. Затоа и предложив дека ова бара преиспитување, преиспитување и во Министерството за здравство како предлагач и во Комисијата за здравство. Еве само една мала критика. Ние тоа сме го превиделе и при првата расправа, пред една година кога го носевме законот и како Комисија кога сме ги разгледувале измените на законот. Затоа предложив овој проект да се измени. Меѓутоа кога тргна проектот јас сакав да се доискажам дека е ова дискриминаторски.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Процедурално се јавува г. Чедомир Краљевски.

**ЧЕДОМИР КРАЉЕВСКИ:**

Почитуван потпретседателе барам кратка пауза од 10 минути за консултација со пратеничката група.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Добро, предлагам пауза од 10 минути.

По паузата седницата не продолжи поради немање кворум.

(Седницата заврши со работа во 18, 30 часот).